СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ШАИП ЈУСУФ

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## СУГС „ШАИП ЈУСУФ“ - СКОПЈЕ

**(за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година)**



**Содржина**


ВОВЕД ..... 1

УЧИЛИШЕН ТИМ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА ..... 3

ПОДРАЧЈЕ БР 1 – НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ..... 4

- ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ..... 5
- ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ..... 8
- КВАЛИТЕТ НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ..... 11

ПОДРАЧЈЕ БР. 2 – ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 24

- ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 25
- ЗАДРЖУВАЊЕ/ОСИПУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 30
- ПОВТОРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 34

ПОДРАЧЈЕ БР.3 – УЧЕЊЕ И НАСТАВА ..... 46

- ПЛАНИРАЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ ..... 48
- НАСТАВЕН ПРОЦЕС ..... 49
- ИСКУСТВА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД УЧЕЊЕТО ..... 51
- ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 52
- ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ДЕЛ ОД НАСТАВАТА ..... 53
- ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАПРЕДОКОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 54

ПОДРАЧЈЕ БР. 4 – ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 66

- СЕВКУПНА ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ..... 67
- ЗДРАВЈЕ ..... 70
- СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 71

СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ ... 72
ПОДРАЧЈЕ БР. 5 – УЧИЛИШНА КЛИМА ... 84
УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО ... 85
ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА ... 86
ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ ... 86
СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА ... 87
ПОДРАЧЈЕ БР. 6 – РЕСУРСИ ... 101
СМЕСТУВАЊЕ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ ... 102
НАСТАВНИ СРЕДСТВА ИМАТЕРИЈАЛИ ... 102
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИОТ НАСТАВЕН КАДАР ... 103
СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТРЕБИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ... 104
ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО ... 105
ПОДРАЧЈЕ БР.7 - УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ ... 115
УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО ... 116
ЦЕЛИ И КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА ... 121

# ВОВЕД

Училиштето СУГС „Шаип Јусуф“ преку оваа самоевалуација ги анализа постигнувањата и резултатите на училиштето во текот на учебните 2022/23 и 2023/24 година.Тргнувајќи од потребата за отчетноста и учењето од сработеното се формираа тимови. Имено училиштето ги анализира постигнувањата, очекуваните и неочекуваните резултати преку истражувањето спроведено од страна на тимовите.Цел е констатирање и вреднување на состојбите во училиштето кое ќе води до поттикнување на промени за подобрување на констатираната состојба.Тимовите ја евалуираа работата на училиштето користејќи ги сите расположливи извори на податоци во училиштето и врз основа на истите се мереше нивото на успешност и напредок на училиштето. Тимовите обезбедија веродостојни, корисни, информации, засновани врз докази, кои влијаат во процесот на носење на одлуки насочени за развој и унапредување на училиштето. Самоевалуацијата дава одговори зошто – и во која мера – планираните и непланираните резултати се постигнати и се фокусира на резултатите добиени од тимовите.Училиштето е лоцирано во Скопје, општина Шуто Оризари. Во учебната 2015/2016 беше официјлано отворено првото средно училиште во општината, тоа е нова градба по сите најнови стандарди и критериуми и во него во моментот посетуваат настава околу 400 ученици. Првиот в.д директор на училиштето беше г-ѓа Амела Хаки, а моментално е г-дин М-р. Доан Сулејманоски. Во училиштето се образуваат ученици кои можат да изберат 3 годишно и 4 годишно стручно образование, а училиштето ги поседува и нуди следните насоки:

**1. Економско-правна и трговска струка**

Профил: бизнис администратор

Профил: продавач – референт за продажни услуги

**2. Градежна-геодетска струка**

Профил: Градежен техничар

**3. Здравствена струка**

Профил: Медицинска сестра

**4. Лични услуги**

Профил: Фризер

**5. Угостителско-туристичка струка**

Профил: Келнер

**ВИЗИЈА**

Изграден модел на позитивен пример за современо и препознатливо училиште, кое промовира инклузија на воспитно-образовен процес каде водечки принципи се: мотивирањето и извлекувањето на максимумот од учениците, тимска работа, почитување на различностите, ефективно одговарање на современите предизвици и трендови на образованието и пазарот на трудот преку создавање на образован, вешт, флексибилен и слободоумен кадар.

**МИСИЈА**

Визијата ќе се реализира преку следните чекори кои ја сочинуваат нашата мисија во целост: *Создавање на врвна работна атмосфера, поттикнување на професионална соработка и иницирање на активности за промоција на долг и одржлив развој на училиштето; * Примена на напредни, иновативни и современи облици на учење, работа и делување кои придонесуваат за стимулирање на индивидуалниот развој вклучувајќи ја инклузујата на сите ученици и вработени без разлика на етничката припадност; * Примена на современа образовна и информациска технологија со методи на активно учење и иновативност; *Поттикнување на отвореност, критичко размислување и промени кои се патоказ за кративна, здрава, образована и активна млада личност; *Заемно почитување, доверба, еднакви можности за сите, како и развивање на свеста за правата и одговорностите на ученикот, општествена одговорност за придонес кон заедница и личниот развој; *Примена на одржлива политика и јасен план за личен и колективен развој на вработените во училиштето; *Едуцирање кадри за потребите на пазарот на трудот, преку реализирање на современи и флексибилни наставни планови и програми, програми за неформална едукација и вештини конкурентни на пазарот на трудот.

## УЧИЛИШЕН ТИМ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Тим за координирање на сите тимови по подрачја:**

Доан Сулејманоски – директор, координатор

Емилија Петрушевска – педагог, член

Ана Костадиновска – психолог, член

**Подрачје 1 – Наставни планови и програми**

Весна Т.Стерјов, координатор

Верица Крстевска, член

Хатија Ариф, член

**Подрачје 2 – Постигања на учениците**

Ивона Јакимовска, координатор

Василка Белчев, член

Мерсиха Мемеди, член

**Подрачје 3 – Учење и настава**

Василка Настаеска, координатор

Александар Атанасовски, член

Моника Митровски, член

**Подрачје 4 – Поддршка на учениците**

Аница Андревска, координатор

Ангела Лазаревска, член

Билјана Јовановска, член

**Подрачје 5 – Училишна клима**

Сонита Демировска, координатор

Игор Крстевски, член

Радмила Златевска, член

**Подрачје 6 – Ресурси**

Драгана Стојановска, координатор

Сузан Ш.Сулејмани, член

Горан Ѓеорѓиевски, член

**Подрачје 7 – Управување, раководење и креирање на политики**

Ѓулије Шаин, координатор

Бобан Јовановски, член

Снежана А.Павиќ, член

**Техничка обработка на податоци и анализа:**

Оливера Димовска,   Игор Крстевски

## ПОДРАЧЈЕ БР 1 – НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Области кои се анализирани во рамките на подрачјето наставни планови и програми:**

**1.1 Организација на наставните планови и програми**

- Применувани наставни планови и програми
- Информираност на родителите и учениците за наставните планови ипрограми
- Прилагодување нанаставните програми за деца со посебни потреби
- Избор на наставни предмети
- Реализација на проширени програми

**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**

- Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала
- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми наставните помагала
- Интегрирање на општите цели на образованието
- Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми

**1.3 Вон-наставни активности**

- Обем и разновидност на планираните и реализираните вонпаставни активности
- Опфатеност на учениците со вонпаставните активности
- Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонпаставните активности
- Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонпаставните активности

**Подрачје:Наставни планови и програми**

<table>
<tr><td colspan="2">Методи за анализа на подрачјето</td></tr>
<tr><td>Документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>1.1.<br><br>ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ<br><br>- Наставни планови и програми одобрени од МОН, БРО и ЦССО<br>- Годишна програма за работа на Училиштето од 2022/2023 и 2023/2024<br>- Годишни, тематски и дневни подготовки на наставниците<br>-Записници од наставнички совет<br>- Записници од активи</td><td>Применувани наставни планови и програми<br><br>Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН, БРО и ЦССО. Нема никакви разлики во реализацијата.Според годишната програма за работа на училиштето секој наставник изработува годишно, тематско и дневно планирање на наставата. Годишната подготовка на наставникот има општ или глобален карактер и во основа е насочена кон обезбедување на условите за целосно комплетно реализирање на наставата во текот на годината. Врз реализација на наставните планови и програми влијаат наставниците со тоа што ги интегрираат наставните содржини по одредени предмети, со примена на активна настава-интерактивно учење, со проектни активности-интерни и екстерни и со современи наставни форми, методи и техники на учење и поучување. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, а според визијата на училиштето, чија суштина е да биде современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век, при тоа со постигнување на максимален развој и едукација на учениците и наставниците.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **- Записници од училишен одбор**<br>**- Записници од родителски средби**<br>**- Записници од совет на родители**<br>**-Е-дневник на паралелките**<br>**- Програма за работа на тимот за инклузија**<br>**- Анкетни ливчиња за изборни предмети**<br><br>**- Веб страна на училиштето на Интернет**<br>**- Анкета за наставници, родители и ученици** | **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br><br>Родителите се запознаени со Наставните планови и програми на првата родителска средба во секоја нова учебна година, исто така родителите се запознаваат со законските измени и дополнувања на законот за средно образование, а кои се однесуваат на нив и нивните деца, исто така родителите се информирани за распоредот, а дополнителна и додадна настава и истиот распоред е истакнат на огласна табла на училиштето. Училиштето ги информира членовите на Советот на родители како и сите заинтересирани за заедничка соработка за Наставните планови и програми, за кои што пак тие на состанокот на Совет на родители даваат одредени забелешки и сугестии за обеменоста и тежината на содржините на истите, кои само се внесуваат во Записникот на Совет на родители. Влијанието на родителите и учениците врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми отсуствува, можности за нивно влијание има преку проектните активности и укажувања за одредени содржини кои според нив можат да се презентираат на поинаков, поинтересен начин.<br>Наставниците имаат влијание врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми преку проектните активности, нови или дополнителни техники и методи на учење, преку интегрирање на одредени содржини од поедини предмети и сл.<br>Училиштето во целост ги прилагодува наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина,потоа преку изведување на практична настава во претпријатијата, феријална пракса, посета на музеи, театри, високо-наставни институции(факултети), судови и слично. Училиштето преку Совет на родители, Училишен одбор, Наставнички совет нема планирано активности за прибирање и разгледување на мислење за наставните планови и програми од наставниците и родителите и нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување до МОН, БРО и ЦССО. Во поединечните извештаи на паралелката, кои се пополнуваат на крајот од секое тромесечие како и во заедничките извештаи на ниво на активи, наставниците даваат одредени забелешки на обемните содржини во учебниците, но и на некореспондирањето на истите со возраста на учениците. |

| | |
|---|---|
| | **Прилагодување на наставни програми за деца со посебни потреби**<br><br>Училиштето, или поточно психолошко-педагошката служба, посветува внимание на идентификација на ученици со посебни потреби и нивна евиденција. Како стручна служба, тие направија исчекор во насока на поквалитетно опслужување на овие ученици, согласно со насоките на МОН и други педагошко-воспитни институции. За таа цел, се формираа т.н. инклузивни тимови составени од педагог, психолог, класен раководител, родител на дете со посебни потреби, наставници кои предаваат во паралелката каде што има ученик со посебни потреби. Инклузивните тимови во ваков состав ги приспособуваа наставните планови и програми од постојните предмети според можностите на учениците со посебни образовни потреби. Стручната служба располага со Програма за ученици со посебни потреби, води прецизна датотека и евиденција на овие ученици и води прилагодувања на наставните содржини, соодветно на нивните потребите. Во рамките на педагошко-психолошката служба работат педагог, психолог се вклучуваат во определувањето на карактеристиките на посебните образовни потреби на одделните ученици, реализираат информативни и советодавни разговори со родители. Во училиштето се реализираше обука на наставниците и класните раководители за прилагодување на учениците со посебни образовни потреби, преку нивна идентификација во паралелките. Инклузивните тимови редовно организираат работни средби предводени од училишниот психолог и педагог и во соработка со родителите пружаат помош во совладувањето на содржините од наставата, во следењето на постигнувањата и оценувањето на овие ученици. И покрај постоењето на овие инклузивни тимови и вклученста на вработените од стручната служба на училиштето, сепак постои потреба од конкретни насоки од страна на покомпетентни лица, како дефектолог и останати надлежни институции. |
| | **Избор на наставни предмети**<br><br>Училиштето дава можност учениците да вршат избор на наставни предмети. Учениците запишани по новите наставни планови и програми од реформираното стручно образование, имаат можност за избор на наставни предмети во функција на матура или завршен испит.<br>Исто така и учениците од стручното образование имаат можност за избор на наставни предмети. Изборните предмети им овозможуваат на учениците да го обликуваат своето образование и да усвојуваат знаења на повисоко ниво кои водат кон определени студии.<br>Изборот на наставни предмети се врши преку претходно изготвени анкетни листови. |

| | |
|---|---|
| | **Реализација на проширени програми**<br><br>Во училиштето се реализираат бројни активности од различни области, во рамките на проектните активности, но и преку вклучување во бројни проекти чија реализација на активности се одвива преку соработка со релевантни институции во државата. При реализација на проширени програми во училиштето, учениците се вклучени во бројни натпревари од областа на математиката, странски јазици, дебатирање и јавно говорење, како и спортот, активности од областа на уметностите, екологијата и мировното образование, активности од хуманитарен карактер, како и чести посети на споменици, музеи, театри, судови и други институции. Училиштето е домаќин на натпревари на општинско и регионално ниво, по различни предмети. |
| **1.2**<br><br>**ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**<br>**- Годишна програма за работа на Училиштето 2022/2023 и 2023/2024**<br>**- Наставни планови и програми одобрени од МОН, БРО и ЦССО**<br>**- Годишни, тематски и дневни подготовки на наставниците**<br>**- Годишни програми за работа на** | **Родово и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br><br>Формалните органи во училиштето не планирале активности за прибирање мислења за квалитетот на наставните планови и програми и учебните помагала од родителите, од аспект на родовата и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност, но прибирале од наставниците. Имено, во документите за планирање на наставата е интегриран и овој аспект во наставата т.е. се бара од наставниците да го внесат во планирањата.На наставниците им се дава можност да прават измени и дополнувања во наставните програми во зависност од нивните потреби. Наставниците имаат надворешна и внатрешна едукативна подршка, како обука за работа со компјутери, обука на наставници за примена на нови стратегии на учење, обука за примена на објективни тестови во наставата, учество на семинари, учество на наставници во изработката на нови наставни планови и програми како и учество на наставници во изработката на испитните програми за државна матура и завршен испит со одлуки од Бирото за развој на образованието, користење на сите наставни средства и помагала кои стојат на располагање. |

| | |
|---|---|
| **стручните активи (записници или извештаи на стручни активи)<br>-Програма за МИО и ЕКО<br>- Програма за работа на класен раководител<br>-Програма за работа на педагошко-психолошка служба<br>-Програма за проектни активности<br>- Интервју со директор на училиштето<br>- Разговор со наставници и родители<br>- Анкета за наставници, родители и ученици** | **Интегрирање на особеностите на локалната средина во наставните планови, програми и наставата**<br><br>Поголем дел од предметите, наставата и активностите соодветно се интегрирани особеностите на локалната средина, а најзабележливо е интегрирањето на карактеристиките и потребите на локалната средина.<br><br>Постојат примери за интегрирање на особености на локалната средина во одреден дел на Наставните програми и наставните помагала, но се добива впечаток дека тоа би требало да биде застапено во поголема мерка. |
| | **Интегрирање на општите (меѓу предметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување**<br><br>Училиштето има целосно разработени насоки кои се реализираат при планирањето на наставните планови и програми за вградување на меѓупредметните цели. Во рамките на реализација на воннаставни активности, проширени програми и проектни активности, работата со училишната заедница, се вложуваат напори во иницијативноста кај учениците, развивање на самодовербата, почитување на различностите, на човековите права, градење на свеста кај учениците за концептот на добар граѓанин, како и јакнење на свеста за припадност кон државата како мултикултурно општество.<br>Наставните планови и програми во голема мера го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло во контекст на повеќе тематики (раководење, соработка, договарање, самодоверба и разрешување на конфликти) преку предавања на класните часови, преку членување и дејствување во активности на Училишна заедница, како и со предавања по соодветните предмети (менаџмент и бизнис, социологија, психологија). |

| | |
|---|---|
| | **Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**<br><br>Училиштето повремено покренува иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми и иновирање на постојните, особено како поддршка на наставниците кои низ работата со учениците регистрираат одредени недостатоци и потешкотии во нивно реализирање, а потоа се доставуваат до Бирото за развој на образованието или советниците во БРО. Во рамките на редовната настава, со примена на различни методи и техники за реализација на наставните планови и програми од страна на наставниците, училиштето бележи инклузија на учениците во поглед на давање можности за влијание на квалитетот на наставните планови. Имено, учениците често се ангажираат во истражувачки проекти и изготвување на презентации во кои, наспроти фактите до кои доаѓаат учениците, се остава простор и за презентирање на лични/тимски ставови и мислења. Тие се олицетворение на личните и заедничките интереси како ученичка заедница. Иако се наоѓаат начини како учениците би можеле да влијаат на содржините и наставните планови и програми, можноста за родителите да влијаат од овој аспект е исто така предвидена и се одвива преку советот и одборите на родители кои се состануваат најмалку четири пати годишно, а по потреба и повеќепати. Пред делегираните претставници на родители се разгледува секој извештај за работа на училиштето, како и новите годишни програми за работана училиштето, со што во детали и по предмети родителите имаат можност да се запознаат со содржините на наставните планови и програми. На овој начин е овозможен формално-правен механизам за влијание на родителите врз наставните планови. Во секој случај, искуството покажува дека родителите се активираат на ова поле само во услови кога се наидува на некаков проблем во однос на реализацијата на наставата и ефектите од неа, додека самоиницијативност и иновативност за подобрување на содржините на определени наставни планови и програми кои би произлегле од знаењата, компетенциите и вештините на родителите во определена област е ретка појава. Имало случаи во минатото кога родители се вклучиле во образовни процеси, особено во воннаставни активности, но и ваквите иницијативи се ретки. Се добива впечаток дека недостасува информираност како помеѓу родителите така и помеѓу наставниците или инволвираните лица од училиштето во работата со Советот на родители и одборите на родители, за можностите, модалитетите и процедурите за вакви интервенции. |

| 1.3<br><br>**КВАЛИТЕТ НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**<br>**- Годишна програма за работа на училиштето за 2022/2023 и 2023/2024**<br>**- Годишна програма за работа на стручни активи**<br>**- Е-дневник на паралелка**<br>**-Сертификати на ученици учесници на натпревари**<br>**- Освоени награди на учениците учесници на натпревари**<br>**- Веб страна на училиштето на Интернет**<br>**- Разговор со директор и стручна служба**<br>**- Педагошка евиденција и документација**<br>**- Извештаи од активи**<br>**- Благоданици, дипломи, награди и пофалници**<br>**- Анкета за наставници, родители и ученици** | **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннставни активности**<br><br>Училиштето им овозможува на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во вonнаставни активност во зависност од нивните желби, можности, умеења и афинитети, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус. Учениците се вклучуваат во вonнаставните активности по сопствен избор и желба, при тоа имајќи право да земат учество и во планирањето на истите.Придобивките од вonнаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се проширувaат знаењата, умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија.<br><br>Во училиштето се реализираат бројни активности од различни области во рамките на проектните активности, но и преку вклучување во бројни проекти, чија реализација на активности се одвива преку соработка со релевантни институции во државата. При реализација на проширени програми во училиштето, учениците биле вклучени во бројни натпревари од областа на природните науки, странски јазици, дебатирање и јавно говорење, активности од областа на уметностите, спорт, екологија и мировно образование и чести посети на споменици, музеи, судови и театри. Во училиштето, во согласност со интересите на учениците, планираните цели во програмите за вonнаставни активности и условите за работа се реализираат следните слободни (вonнаставни) ученички активности: крводарителски акции, учество на спортски натпревари, учество и посета на институции од локален карактер кои имаат превентивна улога во понатамошниот развој на ученикот, како што се Криминолошкиот музеј, соработка со МВР, учество на објавените конкурси од областа на литературата, уметноста и натпревари по другите наставни предмети, учество во проектни активности, едукативни предавања од областа на медицината, еколошки иницијативи, дебатни настани и др. |
|---|---|

| | |
|---|---|
| | **Опфатеност на учениците со воннаставни активности**<br><br>Учество на учениците во воннаставни активности се обезбедува на повеќе начини. Генерално, воннаставните и слободните ученички активности се менторирани од страна на одговорни наставници. Наставниците по пат на соопштенија за можност од вклучување во тековни/претходно испланирани и одобрени проекти ги информираат сите ученици за потенцијални и претстојни воннаставни активности, ги мотивираат учениците, со цел тие да препознаат определен интерес кај себе, а наедно ја поттикнуваат и љубопитноста кај учениците, овозможувајќи изнесување на своите и почитување на мислењата и ставовите на другите. |
| | **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br><br>Информирањето на учениците за претстојните воннаставни активности се одвива по постоечки процедури. Неретко организацијата и имплементацијата на ваквите иницијативи е одговорност на самите ученици, со што уште еднаш се потврдува фактот дека училиштето нуди можности и начини за проактивно учество на учениците во различни сегменти на реализација на наставните планови и програми и истите влијаат на квалитетот на наставата, како и на развојот на учениците во насока на стекнување на дополнителни знаења и меки вештини. Примарните придобивки на училиштето од вон-наставните активности се тие што учениците со своите настапи и освојување на награди, на локално, градско и државно ниво го афирмираат училиштето, а јавноста се информира и преку веб страната на Интернет. Исто така како придобивки на училиштето од вон-наставните активности може да го сметаме и уредувањето на училниците како и ходниците со трудови од ученици, кои слободно ја искажуваат својата креативност. |
| | **Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**<br><br>Фактот дека учениците се вклучуваат во разни проектни активности, организирани и спроведени од страна на училиштето, укажува дека на тој начин учениците имаат можност да се афирмираат и да ги промовираат своите интереси и потенцијали, земајќи предвид дека бројните настани најчесто се објавуваат преку социјалните медиуми, како што се Facebook, YouTube, и други електронски и печатени медиуми. Истовремено промовирајќи се себеси, учениците се директно инволвирани во промоција на училиштето и ваквите ученички ангажмани делумно се валоризирани од страна на училиштето – ако се земе предвид фактот дека постои механизам за валоризација на ученички постигнувања кој се применува во постапката за избор на првенци на паралелки, години или на ниво на училиште и овие ангажмани на учениците соодветно се вреднуваат. |

**Подрачје: Наставни планови и програми**

Наставниот план е пропишан на национално ниво, но училиштата имаат избор како да го реализираат и прилагодат на локалниот контекст, како и да најдат заеднички аспект помеѓу различни предмети за да се унапреди ефикасноста и интегрираното учење. Подолу дадени се прашалникот и табеларените прегледи на подрачјето од страна на анкетираните наставници, ученици и родители.

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на ученици**

<table>
<tr><th>Прашања за анкета</th><th>Кои информации се собрани?</th></tr>
<tr><td>1. Училиштето ги задоволува интересите и желбите и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часови и проектните активности на училиштето.</td><td>- 93,2 % од учениците одговорија дека целосно се согласуваат<br>- 6,8 % од учениците одговорија дека делумно се согласуваат<br>- 0 % од учениците одговорија дека не се согласуваат<br>
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **2. Училиштето планира и реализира воннаставни активности преку кои ги задоволува потребите и интересите на учениците** | - 90,9 % од учениците одговорија дека целосно се согласуваат<br><br>- 9,1 % од учениците одговорија дека делумно се согласуваат<br><br>- 0 % од учениците одговорија дека не се согласуваат<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| **3. Училиштето редовно ги промовира воннаставните активности и достигнувања на учениците (преку медиуми, училиштен весник и сл.)** | - 90,9 % од учениците одговорија дека целосно се согласуваат<br>- 9,1 % од учениците е одговорија дека делумно се согласуваат<br>- 0 % од  учениците одговорија дека не се согласуваат<br><br> |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на наставници**

| **Прашања за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **1. Наставата ја реализираат согласно наставните програми одредени од МОН (БРО/ЦССО) на РСМ** | - 100 % од наставниците одговорија дека целосно се согласуваат<br>- 0 % од наставниците одговорија дека делумно се согласуваат<br>- 0 % од наставниците одговорија дека не се согласуваат<br><br> |

| | |
|---|---|
| **2. Наставните содржини ги прилагодувам на нивото на знаење на учениците** | - 96,8 % од наставниците одговорија дека целосно се согласуваат<br><br>- 3,2 % од наставниците одговорија дека делумно се согласуваат<br><br>- 0 % од наставниците одговорија дека не се согласуваат<br><br> |

| | |
|---|---|
| **3. Користам разновидни техники за реализација на настава** | - 96,8 % од наставниците одговорија дека целосно се согласуваат<br><br>- 3,2 % од наставниците одговорија дека делумно се согласуваат<br><br>- 0 % од  наставниците одговорија дека не се согласуваат<br><br> |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на родители**

| **Прашања за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **1. Училиштето ги има приспособено наставните програми за деца со посебни образовни потреби.** | - 100 % од родителите одговорија дека целосно се согласуваат<br>- 0 % од родителите одговорија дека делумно се согласуваат<br>- 0 % од  родителите те одговорија дека не се согласуваат<br> |

| | |
|---|---|
| **2. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат според сопствен избор** | - 100 % од родителите одговорија дека целосно се согласуваат<br>- 0 % од родителите одговорија дека делумно се согласуваат<br>- 0 % од  родителите те одговорија дека не се согласуваат<br><br> |

| | |
|---|---|
| **3. Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часови и проектните активности на училиштето** | - 96,7 % од родителите одговорија дека целосно се согласуваат<br><br>- 3,3 % од родителите одговорија дека делумно се согласуваат<br><br>- 0 % од родителите одговорија дека не се согласуваат<br><br> |

| Резултати: |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>▪ Наставникот е креатор при изборот на методите, формите и техниките при реализација на наставните содржини во согласност со наставната програма.<br>▪ Наставните програми ги исполнуваат очекувањата и интересите на ученикот.<br>▪ Наставниците и учениците едногласно сесогласија за условите за креирање на различни вонннаставни активности и вклучување на учениците како и нивните интереси.<br>▪ Примена на ИКТ во наставниот процес согласно наставните програми.<br>▪ Училиштето ги нуди сите можности на учениците за избор на изборни предмети кои одговараат на личните потреби и интереси на учениците и спецификите на локалната средина.<br>▪ Наставниот кадар е подготвен да се соочи со воспитно – образовните предизвиците на новото време.<br>▪ Учество на наставниците на семинари и обуки за нивна едукација при реализација на наставните планови и програми и имање на активности за професионален развој.<br>▪ Прилагоденост на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина.<br>▪ Информираност на учениците и родителите за дополнителна/додатна настава и нејзиното значење за развој на учениците. |
| **Слабости**<br><br>▪ Недоволно учество на родителите при планирањето на наставните и воннаставните активности.<br>▪ Нецелосна прилагоденост на наставните програми за деца со посебни образовни потреби.<br>▪ Недоволна посета од страна на учениците во дополнителна и додатна настава.<br>▪ Родителите не целосно се согласуваат дека стекнатите знаења ќе му користат на учениците во понатамошното школување, вработување и во животот воопшто. |

**Подрачје: Наставни планови и програми**

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Училиштето функционира како систем со целосно реализирање на наставните планови и програми одобрени од МОН, БРО и ЦССО. Наставниците со својата секојдневна работа влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми. Секојдневно имаат пристап до наставните планови и програми и нивно користење, бидејќи се основа за подготовка и реализација на наставните часови. Влијанието на родителите врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми не е на завидно ниво и истото во иднина може да се подобри. Наставните планови и програми им се достапни на родителите и учениците, меѓутоа нивниот интерес за истите не е на високо ниво. Учениците од реформираното стручно образование како и учениците од стручното образование, имаат можност за избор на предмети, чиј избор се врши по пат на анкетирање. Изборот на предмети им е подеднакво достапен на сите ученици без разлика на полот(родова припадност) и етничката припадност. Наставниците имаат надворешна едукативна подршка (семинари, обуки, организирани од МОН, БРО, ЦССО) за осовременување на наставните програми. Кај повеќето наставни предмети постојат можности за нивен интегративен пристап, особено кај стручните предмети. Аспектите раководење, соработка, договарање, самодоверба, разрешување на конфликти кај машките и женските ученици од различно етничко потекло, се испитаа со интервјуирање на ученици од прва, втора, трета и четврта година. Во училиштето се реализираат разновидни вон-наставни активности: спортски активности, хор, прва помош, литературна и драмска секција, секција по странски јазици, хемиска, еколошка, ликовна секција, др. Придобивки од вон-наставните активности се: развој на креативните способности кај учениците, афирмација на учениците и училиштето преку учество во натпревари и освојување на награди и признанија. |
| **Идни активности: Приоритетни области во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>▪ Подобрување на инфрмираноста на родителите за наставните планови и програми и поголемо вклучување на родителите во планирањето на воспитно-образовниот процес и вон-наставните активности.<br>▪ Сеопфатно информирање на сите ученици и родители во текот на целата учебна година за дополнителна/додатна настава, нејзиното значење и мотивирање за посета на истата.<br>▪ Измени и прилагодување на наставните планови и програми, врз основа на досегашното искуство заради зголемување на успехот на учениците и исполнување на нивните очекувања и интереси. |

## ПОДРАЧЈЕ БР. 2 – ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Области кои се анализирани во рамките на подрачјето постигнувања на учениците**

- **2.1 Постигања на учениците**
  - **Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по класификациони периоди**
  - **Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност**
  - **Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни потреби**
  - **Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовна и дополнителна-додатна настава**
  - **Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование**

- **2.2. Задржување/осипување на учениците**
  - **Опфат на учениците**
  - **Редовност во наставата**
  - **Осипување на учenците**
  - **Премин на ученици од едно во друго училиште**

- **2.3 Повторување на учениците**
  - **Ученици што не ја завршуваат годината**

**Подрачје: Постигнувања на учениците**

<table>
<tr><td colspan="2">Методи за анализа на подрачјето</td></tr>
<tr><td>Документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td rowspan="3">2.1.<br><br>ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ<br>- Годишна програма за работа на Училиштето<br>-Годишен извештај од педагошка служба<br>- Годишни, тематски и дневни подготовки на наставниците<br>- Записници од совет на година<br>-Електронски дневник за работа на паралелките<br>-Записници од родителски средби<br>-Анкетни прашалници од наставници, ученици и родители<br>-Евидентни листови за успех и поведение<br><br>-Записници од стручни активи<br><br>–Програма за додатна и дополнителна настава<br>–Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br><br>- Наставни планови и програми (за стручно образование)<br>- Изборни програми</td><td>Среден успех на учениците во изминатите три учебни години<br><table><tr><td>2021/2022</td><td>2022/2023</td><td>2023/2024</td></tr><tr><td>3,11</td><td>3,05</td><td>3,12</td></tr></table><br>Училиштето користи повеќе стратегии во следењето и оценувањето на постигањата и напредокот кај учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по класификациони периоди со помош на формативното и сумативно. Тие стратегии се и дел од целите и задачите на училиштето, кое промовира начини, секоја година да го подобри трендот на зголемување на постигањата на учениците, притоа почитувајќи го принципот на еднаквост по пол, етничка, социјална или друга припадност.Учениците се оценуваат бројчано за сите четири квалификациони периоди.</td></tr>
<tr><td>Училиштето го подобрува успехот на учениците со тоа што користи голем број на интерактивни методи, постапки и техники на проверување и оценување и на тој начин проверува широка палета од различни видови на знаења, процеси и вештини. Ова го овозможува формативното оценување, кое еднакво посветува внимание како на процесот на учење, така и на крајните резултати.</td></tr>
<tr><td>Подобрување на постигнувањата на учениците се постигнува преку редовна и дополнителна и додатна настава. Заради интересот и потребата на учениците се организираат часови за дополнителна и додатна настава на кои учениците имаат можност да ги дополнат пропуштените содржини и искуства кои не можеле да ги стекнат на редовните часови.Учениците ја следат дополнителната настава по претходна најава од страна на наставниците за ученици кои задолжително треба да посетуваат дополнителна настава, но има простор и за ученици кои самоиницијативно изразуваат желба да се приклучат.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Училиштето има развиен систем за идентификација и **<u>поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето</u>** како и испраќање на ученикот во соодветни институции каде може да добијат помош од стручни лица во Заводот за ментално здравје, а истото се решава во соработка со родителите/старатели. Ученикот со ПОП во нашето училиште е примен согласно Законот за средннообразование и стандардите што се изготвени во согласност со БРО. За ученикот имаме соодветен медицински документ во кој делумно е образложена потребата на ученикот и по извесен период потребно е обновување на документацијата со доставување на нови наоди и мислења од страна на Заводот бидејќи се работи за ученик кој е во фаза на промени во здравствен, емотивен и когнитивен развој.Ученик за кои  особено е видлива потребата од стручно лице дефектолог, кое работи со лицето .Оваа учебна година во нашето училиште започна со работа стручно лице- психолог и дефектолог, којшто постојано ја следат состојбата на ученикот, спроведуваат советувања со родителите и стручни разговори со ученикот. За ученикот, класниот раководител и наставниците  во соработка со стручниот соработник-дефектолог  изготвува индивидуален образовен план- ИОП, во кој ги планира целите  кои можат да се реализираат со овие ученици.<br><br>Со вклучување во работата  на дефектолог, покрај психологот, значително ќе се олесни работата со овие ученици и значајно би се променил начинот на работа, а воедно и напредокот во работата и на наставниците и на учениците со ПОП.<br><br>Вистинскиот проблем со кој се соочуваат наставниците, а воедно и стручната служба при училиштето е документацијата за децата со ПОП издадена од стручните установи, кои имаат за цел проценка на состојбата и можностите на децата, а воедно и полесно планирање на начинот и методите на работа со овие деца за време на наставата. Во нашето училиште имаме  два ученика со ПОП.Програмите за работа на учениците со посебни потреби ги планираат, реализираат и ги вреднуваат, првенствено, наставниците и дефектологот. Нема посебни паралелки за оваа група на ученици и тие се вклучени во редовните паралелки каде наставникот индивидуално работи со нив и им пружа еднакво право на напредок и успех како и останатите ученици. Сето тоа допринесува до намалување или надминување на пречките на кои наидуваат во образовниот процес- преку посебни методи и начини на работа децата полесно ги совладуваат наставните цели, со што, кај |

| | |
|---|---|
| | нив се зголемува нивната мотивација за учење, самодовербата како и желбата за одење во училиште. |
| | Со цел да им се помогне на **учениците кои послабо напредуваат во учењето**, се планираат и реализираат и часови за дополнителна настава, а за учениците кои покажуваат голем успех по одредени наставни области, училиштето овозможува да се реализира и додатна настава. Реализираните часови и резултатите од усвоените знаења се евидентираат во дневниците и досието на секој ученик. Заради интересот и потребата на учениците се организираат часови за дополнителна и додатна настава на кои учениците имаат можност да ги дополнат пропуштените содржини и искуства кои не можеле да ги стекнат на редовните часови.Ученици кои подолго отсуствувале од наставата поради болест,заминување во странство или за оние кои се водел процес во Град Скопје за нередовно посетување на наставата , тие вообичаено одат на испит на година и за нив е потребно поголемо внимание и посветеност со цел усвојување на наставната програма по сите предмети.За овие ученици потребно е редовно посетување на дополнителната настава,консултативни средби со наставниците во текот на целата година и сл.<br>Врз основа на анкетите спроведени со учениците може да се согледа дека учениците се задоволни од реализацијата на дополнителната настава на која учениците имаат можност да ги дополнат своите знаења во непосреден и и индивидуаилизиран контакт со наставникот и бараат истата да продолжи во континиутет. |

| | |
|---|---|
| | Со цел да се потикнат и афирмираат **<u>талентираните ученици</u>**, училиштето е во постојана комуникација и соработка со родителите и институциите од Локалната средина и Град Скопје. Таа соработка е и законски регулирања и бара ангажираност и примена на разни мерки, задачи и активности од страна на сите субјекти во воспитно образовниот процес, се со цел подобрување на квалитетот на образованието. Една од тие активности е и учеството на училиштето на натпревари и конкурси, како на општинско, регионално и државно, така и на меѓународно ниво.<br><br>Согласно резултатите добиени од анализата на податоци, а со цел подобрување на постигањата на учениците се превземаат следниве активности:<br><br>• Се организираат воннаставни активности<br>• Се организираат Слободни ученички активности<br>• Дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставата согласно на распоредот за дополнителна настава.<br>• Додатна настава за надарени и талентирани деца согласно распоредот<br>• Индивидуална образовна програма за деца со посебни потреби<br>• Натпревари: училишни, општински, градски, државни и меѓународни<br>• Научни екскурзии и излети<br>• Проекти (активна настава и интерактивно учење, описно оценување, ИКТ, стратегии и техники на учење, работа со надарени и талентирани деца,животни вештини)<br>• Училишни работилници ,обуки,семинари<br>• Учество на изложби, посети на саеми на знаења, театарски и филмски претстави<br>Наставниците ги применуваат сите наставни форми со акцент на индивидуализирана настава, групна, настава во парови. Се посетуваат организираните семинари на кои наставниците стекнуваат професионално искуство и се забележува појасно дефинирање на целите во наставата.Училиштето секоја година традиционално во текот на летниот распуст организира семинар за наставниот кадар на кој се разработуваат различни тематики како видови на оценување,уредно водење на педагошката евиденција и документација,воведување на нови наставни програми,измени во законските регулативи и слично.Сето тоа придонесува за усовршување на професионален развој на наставниот кадар и надградување на нивните знаења и вештини.<br><br>За објективно оценување и вреднување на стекнатите знаења на учениците се користат контролни задачи, неформални тестови на знаења и писмени работи. Оценувањето е континуирано со |

| | |
|---|---|
| | постојано следење на развојот на ученикотот со однапред утврдени критериуми за потребното ниво.<br><br>За постигнатиот успех од натпревари , конкурси ,настапи учениците редовно и јавно на разгласот се пофалуваат,се истакнуваат на огласната табла за ученици и родители,се објавуваат на Фејсбук –страната на училиштето.Исто така секоја година традиционално во соработка и поддршка од Град Скопје се избира првенец на генерација од тригодишно и четиригодишно образование.Ученикот се избира на транспарентен начин со поддршка и глас од страна на сите раководни тела во училиштето.За првенците на генерација следи и парична награда.<br><br>Полагањето на завршни испити и државнатаматура се регулирани со Законот за средно образование и во Календарот за работа на средните училишта за секоја учебна година,во кој конкретно се наведени термините за полагање на матурата.Училиштето формира Училишна матурска комисија која го спроведува целиот процес.Учебната 2019/2020 година поради состојбата со Корона вирусот(Пандемија) и насоките дадени од страна на МОН државната матура и завршниот испит не се реализираа. Во учебната 2020/2021 училиштето во текот на месец мај и јуни организираше дополнителна настава за учениците од завршните години со цел полесно совладување на материјалот за полагање на државна матура, училишна матура и завршен испит. |

| | |
|---|---|
| **2.2.**<br><br>**ЗАДРЖУВАЊЕ/ОСИПУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**<br><br>**- Годишна програма за работа на училиштето**<br>**- Годишни, тематски и дневни подготовки на наставниците**<br>**- Годишни програми за работа на стручните активи (записници или извештаи на стручни активи)**<br>**-Предавања и трибини од стручни лица, брошури, флаери**<br>**- Записници од состаноци на младинска организација**<br>**- Програма за работа на класен раководител**<br>**-Програма за работа на педагошко-психолошка служба**<br>**-Програма за проектни активности** | **Во однос на следењето на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование и опфаќање на учениците**, во нашето училиште се примаат ученици кои што доаѓаат од непосредната околина ,но и од други населби во зависност од интересот и желбата на ученикот.Кон почетокот на месец мај секоја учебна година училиштето има разработена стратегија за промоција на образовните профили во поголем број на основни училишта.Училиштето има повеќе тимови во кои се вклучени ученици и тие накратко ја презентираат работата на училиштето.Воедно се делат и промотивни материјали постери, флаери , брошури, пенкалца, тефтерчиња, привезоци, беџови, чаши,постери и сл. Како резултат на успешната промоција околу 30% од учениците се од друго населено место,не од непосредната околина.Училиштето располага со голем број на нагледни средства,прекрасни услови за работа,разноликост на образовни профили кои се од особен интерес на учениците.Со текот на годините тенденцијата за упис во нашето училиште постојано се зголемува што можеме да го забележиме од следната табела:<br><br>**Упис на ученици во прва година:**<br><br>2021/2022 – 140; 2022/2023 – 135; 2023/2024 – 160<br><br>**Редовност во наставата**<br>Од досегашните извештаи на класните раководители постојат идентификувани поединци – ученици кои се повеќе подложни на отсуство од училиште поради оправдани и неоправдани отсуства. Овие евидентирани отсуства не се ниту од етичка, ниту од економска природа, а што се однесува до половата припадност евидентно е дека во поголем број се машки ученици. Треба да се спомне дека одделни ученици отсуствуваат напрвите часови поради доцнење и од последните часови. И во овој случај поприсутна е машката популација.<br>Во изминативе години се забележува поголемо отсуство на учениците од економски загрозени семејства. Тоа се должи на лошата економска ситуација на сеумејствата кои се на работ на егзистенцијата и имаат потешкотии во справувањето со економската ситуација во државата.<br>Нашето училиште,покрај редовните пракси кои ги спроведува,се ангажираше и кон нови методи со кои би ја зголемиле редовноста на нередовните ученици.<br>Општината во соработка со МОН која за наша поефикасност има ангажирано неколкмина тутори кои се ангажирани да ја спроведат работата на терен со посета на домовите на загрозените |

Упис на ученици во прва година:

| 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 |
|---|---|---|
| 140 | 135 | 160 |

| | |
|---|---|
| | семејства и ученици, нивно едуцирање и упатување назад кон училиштето.<br><br>За подобрување на редовноста на учениците превземени се соодветни мерки.<br><br><br>Училиштето се обидува да најде најразлични модули да се справи со задржувањето на учениците во училиштето. Пред се, се обидува да го најде генераторот на проблемот на што се должат изостаноците.<br><br>-Се врши едукација на учениците од страна на класните раководители за важноста на континуирано следење на наставата од страна на учениците;<br><br>-Постојани контакти на класните раководители со родителите на учениците кои отсуствувале од наставата за причините на нивното отсуство;<br><br>-Задолжително барање на медицинска белешка за потврдување на причините поради кое ученикот не бил во можност да ја посетува наставата;<br><br>- Реализација на дополнителна настава со учениците кои подолго отсуствувале од наставата, за полесно совладување на материјата која ја пропуштиле.<br><br>И покрај превземените мерки што во континуитет се спроведуваат секоја година евидентно е дека разликата во намалување на бројот на неоправдани изостаноци е мал.<br><br>Во нашето училиште се спроведува програмата за советување на родители на ученици во средните училишта.<br><br>Одговорни за спроведување на советувањето на родители се педагогот и психологот на училиштето, коишто ги повикуваат родителите во соодтвени групи со цел да се советуваат како побрзо да се надмени овој проблем со нередовноста и слабиот успех кај учениците.<br><br>Согласно на програмата спроведени се советувања според потребите и поканите што класните раководители ги доставиле до педагогот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| | За советување на родители во учебната 2017/2018 година опфатени се родители на 28 ученици кои имаат поголем број на изостаноци,несоодветно однесување и повеќе од 3 слаби оценки.<br><br>За учебната 2018/2019 година реализирани се 79 советувања на родители организирани во три групи. Истите групи следеа две советувања од страна на педагогот и во зависност од резултатите советувани се стручни лица.Советувањето е реализирано за ученици кои имаат поголем број на изостаноци,несоодветно однесување и повеќе од 3 слаби оценки.<br><br>За учебната 2019/2020 година реализирани се 117 советувања на родители организирани во 6 групи. Истите групи следеа две советувања од страна на педагогот и во зависност од резултатите советувани се стручни лица.Советувањето е реализирано за ученици кои имаат поголем број на изостаноци,несоодветно однесување и повеќе од 3 слаби оценки. Во учебната 2020/2021 советувањето на родители се вршеше и онлајн поради КОВИД пандемијата.<br><br>Успехот и поведението на учениците се предмет на постојана опсервација на училиштето. За таа цел се превземаат и мерки за учениците со несоодветно однесување при што класните раководители во соработка со предметните професори постојано изрекуваат педагошки мерки кои се сведуваат со намалување на поведение кај учениците. Во текот на целата година се следи изрекувањето на педагошките мерки од страна на педагошката служба а со цел за нивно намалување формирана е комисија од група на наставници кои имаат за цел да ја следат редовноста на учениците,нивното однесување и напредување во учењето.Во рамките на оваа група активно учество заземаат и учениците членови на ученичката заедница.<br><br>Исто така изречени се и **педагошки мерки –пофалба** од раководител на паралелка за ученици со одличен успех и примерно поведение, севкупни залагања во воспитно образовниот процес и воннаставни активности, кои делуваа мотивирачки за учениците кои вложуваат повеќе во својот воспитно-образовен процес. |

- **Осипување на учениците**
- **Преминување на учениците од едно училиште во друго**

Осипувањето на ученици се забележува во прва и втора година. Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште ( промена на адреса, заминување во странство,склучување на малолетнички брак, и сл. ) е речиси еднаков со бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште. При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот. Доколку ученикот што доаѓа од друго училиште има предмети кои се разликуваат од образовниот профил кој е избран во нашето училиште тој задолжително полага диференцијални испити.

**При самиот процес на напуштање на училиштето без разлика од кои причини(заминување во странство,малолетнички брак, или сл)од страна на родителите се потпишува изјава која понатаму со комплетна докуметација се доставува до просветен инспектор на град Скопје со цел понатамошно постапување. На овој начин учениците се спречуваат да го прекинат образованието и повторно се враќаат назад доколку за напуштање на образованието не постои некоја основана причина.**

| | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 |
|---|---|---|---|
| Оправдани | 3791 | 5257 | 5157 |
| Неоправдани | 1539 | 2114 | 1639 |
| Вкупно | 5330 | 7371 | 6796 |

| **2.3.**<br><br>**ПОВТОРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**<br><br>**- Годишна програма за работа на училиштето**<br>**- Годишна програма за работа на стручни активи**<br>**- Записници од училишни секции**<br>**- Програма од младинска организација**<br>**- Дневници за работа**<br>**-Сертификати на ученици учесници на натпревари**<br>**- Освоени награди на учениците учесници на натпревари**<br>**- Веб страна на училиштето на Интернет** | **Ученици кои не ја завршуваат годината** |
|---|---|
| | Повторувањето на учениците се должи на големиот број на слаби оценки во текот на целата година.Оваа група на ученици и покрај тоа што постојано се водат индивидуални разговори,групни работилници,советувања и слично од страна на стручната служба, предметните наставници и класните раководители. |
| | Во учебната 2021/2022 година 35 ученика ја повторувале годината.<br><br>Во учебната 2022/2023 година 26 ученика ја повторувале годината.<br><br>Во учебната 2023/2024 година 9 ученика ја повторувале годината.<br><br>Од анализите можеме да забележиме дека од 2021 до 2024 години имаме тренд на намалување на бројот на повторувачи што е од суштинско значење за училиштето. Дел од учениците кои ја повторуваат годината се запишуваат повторно како редовни ученици, а другиот дел доколку исполнуваат услови за вонреден ученик на тој начин го продолжуваат својот воспитно-образовен процес. |

**Подрачје: Постигнувања на учениците**

Постигнувањата на учениците се земаат како мерило за успешноста на стратегијата на училиштето за подобрување на успехот и поведениeто, како и за редовноста на учениците.

Подолу дадени се прашалникот и табеларените прегледи на подрачјето од страна на анкетираните наставници, ученици и родители.

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на наставници**

| **Прашања за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| 1. **Знаењата стекнати на мојот час им помагаат на учениците да се снајдат во секојдневните животни ситуации во приватниот живот и во идната професионална кариера** | - 93,8 % од наставниците одговорија дека целосно се согласуваат со овој став<br>- 6,2 % од наставниците одговорија дека делумно се согласуваат со овој став<br>- 0 % од наставниците одговорија дека не се согласуваат со овој став<br><br> |

| | |
|---|---|
| **2. Знаењата стекнати од мојот предмет им помагаат на учениците во осамостојувањето и иницијативноста** | - 87,1 % од наставниците одговорија дека целосно се согласуваат со овој став<br><br>- 12,9 % од наставниците одговорија делумно се согласуваат со овој став<br><br>- 0 % од наставниците одговорија дека не се согласуваат со овој став<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| **3. Континуирано го следам напредокот кај учениците** | - 93,8 % од наставниците се изјаснија дека целосно се согласуваат со овој став;<br>- 6,2 % од наставниците се изјаснија дека делумно се согласуваат со овој став;<br>- 0 % од наставниците одговорија дека не се согласуваат со овој став;<br><br> |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на ученици**

| | |
|---|---|
| **1. Наставникот постојано ми помага и се вложува при учество на натпревар** | - 97,5 % од учениците одговорија дека целосно се согласуваат со овој став<br>- 2,5 % од учениците одговорија дека делумно се согласуваат со овој став<br>- 0 % од учениците одговорија дека не се согласуваат со овој став<br> |

| | |
|---|---|
| **2. Наставникот ме охрабрува на учествувам на натпревари** | - 95% од учениците одговорија дека целосно се согласуваат со овој став<br><br>- 5% од учениците одговорија дека делумно се согласуваат со овој став<br><br>- 0 % од учениците одговорија дека не се согласуваат со овој став<br><br> |

| | |
|---|---|
| **3. Часовите од додатна настава, секциите, воннаставната настава и проектите ги збогатуваат и усовршуваат моите знаења и умеења** | - 97,4 % од учениците одговорија дека целосно се согласуваат со овој став<br>- 2,6% од учениците одговорија дека делумно се согласуваат со овој став<br>- 0 % од учениците одговорија дека не се согласуваат со овој став<br> |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на родители**

<table>
<tr>
<td>1. Училишните знаења му помагаат на моето дете во осамостојувањето и иницијативноста</td>
<td>
- 94,4 % од родителите одговорија дека целосно се согласуваат со овој став<br>
- 5,6 % од родителите одговорија дека делумно се согласуваат со овој став<br>
- 0 % од родителите одговорија дека не се согласуваат со овој став<br>


</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **2. Запознаен сум со воннаставните активности кои ги организира училиштето** | - 97,2% од родителите одговорија дека целосно се согласуваат со овој став<br>- 2,8 % од родителите одговорија дека делумно се согласуваат со овој став<br>- 0 % од родителите одговорија дека не се согласуваат со овој став<br> |

| | |
|---|---|
| **3. Училиштето ги има приспособено наставните програми за деца со посебни образовни потреби** | - 100% од родителите целосно се согласуваат<br>- 0% од родителите делумно се согласуваат<br>- 0% од родителите не се согласуваат<br> |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Наставниците во својата воспитно образовна работа, применуваат различни методи, техники и постапки за следење, проверување и оценување на постигањата и успехот на учениците.
- Постигнувањата на ученици од година до година се подобруваат, а воедно и новните воспитно образовни перформанси.
- Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците и презема мерки и активности што ќе овозможат зголемување на редовноста.
- Училиштето секоја година го зголемува трендот на соработка со родителите и локалната самоуправа, се со цел подобрување и обезбедување на квалитет во наставата.
- Родителите се информирани за постигањата и успехот на своите деца и тие веруваат во објективноста на оценувањето за кое сметаат дека е реално и коректно.
- Училиштето ажурно и плански ја следи редовноста, причините за осипување, преминувањето на учениците од една во друга година, надарените ученици и учениците со ПОП.
- Дополнителната и додатната настава им помага на учениците за зајакнување на знаењата и постигнување на подобар успех, а исто така и сите воннаставни активности реализирани од страна на училиштето и соработниците.
- Наставниците ја поттикнуваат иницијативниста кај учениците со цел подобрување на вештините за вработување по завршувањето на средното образование.

**Слаби страни:**

- Недоволно обучени наставници за работа со талентирани/надарени ученици.
- Недоволно обучени наставници за работа со ПОП и немање на целосен и детален протокол за прием и работа на деца со ПОП.
- Недоволно информираност на родителите за критериумите на оценување, како и за активностите и настаните кои се организираат надвор од училиштето.

**Подрачје: Постигнување на учениците**

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Училиштето заедно со наставниот кадар придонесуваат во осамостојувањето на учениците. Наставниците во својата воспитно образовна работа, применуваат различни методи, техники и постапки за следење, проверување и оценување на постигањата и успехот на учениците. Наставниците ги поттикнуваат учениците да развиваат критичко размислување и вештини за аргументирање на своите ставови. Наставниците ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во животот на училиштето и локалната заедница. Родителите во поголем процент се изјаснија дека додатната настава го збогатува знаењето на своето дете. Учениците во поголем процент се изјаснија дека Знаењата добиени на училиште им овозможуваат да одговорат на барањата на наставникот (домашни задачи, контролни тестови, проектни задачи), но од нив и делумно се согласуват што секако треба да се земе како показател дека треба да се подобри наставниот процес. Учениците сметаат дека часовите од додатна настава и секцијата ги збогатуваат и усовршуваат нивните знаења и умеења.Училиштето секоја година го зголемува трендот на соработка со родителите и локалната самоуправа, се со цел подобрување и обезбедување на квалитет во наставата. Исто така и учениците позитивно се изјаснија дека активно учествуваат во животот на училиштето и локалната заедница. Учениците покажуваат одличен пласман на републичките, регионалните и општинските натпревари. Учениците се вклучени во воннаставните активности и во животот на училиштето но, потребно е да се мотивираат за што поголем број на вклучени ученици во животот и случувањата во училиштето. Училиштето ги следи учениците, се грижи и се посветува за нивно мотивирање, има соодветен, современ третман и пристап на работа, директорот и стручната служба имаат флексибилен, отворен и стручен однос на работа, следење и мотивирање на учениците за поголеми постигнувања. Училиштето се грижи и за своите алумни ученици, комуницира и помага за нивните постигнување и по нивното завршување во училиштето. |
| **Идни активности : Приоритети од ова подрачје кои можат да бидат вклучени во Програмата за развој на училиштето.**<br><br>▪ Организирање на обуки за наставниот кадар за работа со талентирани/надарени ученици и за деца со ПОП.<br>▪ Педагошката служба да изработи целосен протокол за пример и работа на деца со ПОП.<br>▪ Поголемо информирање на родителите за стандардите и критериумите кои се користат при оценување, но и за целокупниот живот на училиштето.<br>▪ Целосно екипирање и вработување на лица потребни за работа на стручната служба во училиштето. |

# ПОДРАЧЈЕ БР.3 – УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**Области кои се анализирани во рамките на подрачјето наставни планови и програми:**

**3.1. Планирања на наставниците**

- Поддршка и следење на планирањата на наставниците
- Индивидуални планирања на наставниците
- Размена на искуства и на информации при планирањето
- Распоред на часови

**3.2. Наставен процес**

- Наставни форми и методи
- Употреба на ИКТ во наставата
- Избор на задачи, активности и на ресурси
- Приодот на наставникот кон учениците
- Интеракција меѓу наставниците и учениците
- Следење на наставниот процес
- Изведување практична обука на учениците кај работодавачите

**3.3. Искуства на учениците од учењето**

- Средина за учење
- Атмосфера за учење
- Поттикнување на учениците за преземање одговорност
- Интеракција на учениците меѓу себе
- Учење во реални работни услови кај работодавач

**3.4. Задоволување на потребите на учениците**

- Идентификување на образовните потреби на учениците
- Почитување на различните потреби на учениците во наставата

**3.5. Оценувањето како дел од наставата**

- Училишна политика за оценување
- Методи, форми и инструменти на оценување
- Користење на информациите од оценувањето во наставата

**3.6. Известување за напредокот на учениците**

- Известување на родителите за напредокот на учениците

| Методи за анализа на подрачјето | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **3.1.**<br><br>**ПЛАНИРАЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ**<br>• **Педагошка документација на училиштето- приложени планови во училиштето: глобални, годишни, тематски планирања и дневна подготовка**<br>• **Планирањазадодатна/дополнителнанастава**<br>• **Проверка на навременоста на годишните планирања**<br>• **Проверка на навременоста на реализирање на тематските планирања**<br>• **Договорена/пропишана интерна процедура за следење на планирањето на наставниците**<br>• **Евидентни листови/инструменти за следење на планирањата на наставниците**<br>• **Разговорсодиректор, педагог**<br>• **Анкетизанаставници**<br>• **Разговорсородители**<br>• **Разговорсоученици**<br>• **Извештаиодстручнитеактиви**<br>• **Е-дневник** | Училиштето има пропишани приоди и утвредени процедури за следење на планирањата на наставниците, од страна на директорот и стручната служба.<br><br>Сите наставници, за реализација на Наставните планови и програми, имаат изготвени глобални годишни, тематски планирања и на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба, која ги проверува и ги доставува до директорот на училиштето. Сите видови планирања наставниците ги прават во печатена верзија и како такви ги предаваат на педагошката служба. Дневните планирања се соработуваат или во електронска верзија или во печатена форма, а некои наставници паралелно ги користат и двата начина.<br><br>Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на психолошко-педагошката служба и се прегледуваат дневниците на паралелките од страна на претходно оформени комисии, кои редовно, секојдневно се пополнуваат од страна на наставниците. Наставниците редовно го пополнуваат и е-дневникот.<br><br>Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.<br><br>Класните раководители од прва до четврта година планираат и програма за класен час, а сите наставници планираат програма за дополнителна и додатна настава, програма за работа на стручен актив и програма за воннаставни активности.<br><br>Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ЕКО и МИО, наставниците ги планираат своите часови со ИКТ, размената и консултацијата со колеги од други стручни активи и сродни предмети, регионалната соработка со други училишта, консултирање со експерти.<br><br>Распоредот на часови го изработува наставник во консултација со директорот и стручната служба и е во согласност со наставниот план при што се почитува најдобриот интерес на ученикот. Училиштето навремено изработува и распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови, дежурства и тој се реализира според предвидената динамика. Распоредот на часови е истакнат на огласна табла во наставничката канцеларија, кај директорот, кај раководителите и во стручната служба. |

| | |
|---|---|
| **3.2.**<br><br>**НАСТАВЕН ПРОЦЕС**<br>• **Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час**<br>• **Инструмент за следење на изведбата на наставниот час**<br>• **Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час**<br>• **Инструмент заследење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците**<br>• **Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците**<br>• **Годишни, тематски, дневнипланирања**<br>• **Програмазаучењепрекуработа**<br>• **Анкетисонаставници и ученици**<br>• **Професионалнодосиенанаставници**<br>• **Програма за работа на директор/стручна служба**<br>• **Дневник на стручната служба, дневници на наставниците**<br>• **Документација на директорот и стручната служба од посетените часови**<br>• **Наставничкопортфолио**<br>• **Ученичкопортфолио**<br>• **Листа на ученици што изведуваат практична обука кај работодавачи**<br>• **Листа на потпишани договори за изведување практична обука на учениците кај работодавачите** | Поголем дел од наставниците користат разновидни наставни форми на работа што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење, како и стратегии и техники на учење. Наставниците користат добро испланирани методи за работа со учениците, индивидуално, во парови - тандем, во групи или со цела паралелка – фронтално. На овој начин, наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација, при тоа користејќи ги наставните методи: вербален, демонстративен, текст методот, илустративен, лабораториско-експериментален, практична работа, метод на игра, набљудување и истражување, како и техниките грозд, бура на идеи, Венов Дијаграм, и др., при што секогаш се цели на подобрување на истите.<br><br>Сите од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата и ги употребуваат за реализација на наставните програми.<br><br>Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, како училишни и/или домашни задачи, проектни активности.<br><br>Домашните задачи се поврзани со активностите и наученото за време на часовите. Изборот на задачи и активности е добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br><br>Мал дел од наставниците користат само учебници и прирачен материјал, додека останатите користат различни извори и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и прирачна литература, туку се користат извори и од интернет, а насоки за користење на интернет, наставниците даваат и на учениците.<br><br>Наставниците, наставата ја реализираат со различни интерактивни методи при што сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата.<br><br>Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците.Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера. Наставниците користат позитивни приоди да ги поттикнат и мотивираат учениците активно да земаат учество во наставниот процес и вонннаставните активности (преку пофалби пред ученици и пред родители и на Наставнички совети, разговори, дискусии, работилници по слободните часови) и нивниот придонес е од големо значење за успешна реализација на часовите. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно |

| | |
|---|---|
| • **Документација за организација на феријална практика.**<br>• **Анкетисонаставници и ученици**<br>• **Истакнатиученичкитворби**<br>• **Ликовни и литературниизработки** | почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалното потекло и националната, етничката и религиска припадност и независно од нивните афинитети, квалитети, интереси, таленти, умеења, знаења и вештини.<br><br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и истата редовно се применува. Наставниот процес се следи од страна на директорот и стручната служба. Работата и постигањата на наставниците се оценува преку посета на часови од страна на директорот и стручната служба најмалку два пати во полугодие, при што се врши проверка на водењето на педагошката евиденција и документација.<br><br>Учењето преку работа/ практичната обука кај работодавачите целосно се реализира според наставниот план и програма. Феријалната практика се реализира според насоки изработени од Центарот за стручно образование и обука. |

| | |
|---|---|
| **3.3.**<br><br>**ИСКУСТВА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД УЧЕЊЕТО**<br><br>• **Анкета за ученици**<br>• **Анкета за родители**<br>• **Анкета за наставници**<br>• **Програмата за работа и извештаите на ученичката заедница**<br>• **Увид во евиденцијата на стручните соработници**<br>• **Куќенреднаучилиштето**<br>• **План и програма за учење преку работа**<br>• **Увид на заедничкиот училишен простор**<br>• **Фотографии, слики**<br>• **Изложени ученички трудови**<br>• **Макети, модели, ѕиднивесници**<br>**Литературни и ликовни творби- конкурси интерни и екстерни** | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училиштето нуди солидна средина за учење, училници опремени со компјутери,  одлично опремени кабинети, комплетно реновирани тоалети, библиотека, опремена фискултурна сала, средени училници со голем број нагледни и наставни средства, посебен приод за инвалидизирани лица. Има доволен број на училници, простории, просторни услови со одлична атмосфера за работа.<br><br>Мотивирачки за учениците е и тоа што на видно и соодветно место во училиштето се изложуваат нивните изработени трудови.<br><br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен, но не по сите предмети. Ова е показател дека наставниците треба да се стремат и да применуваат нови интересни и интерактивни начини на работа.<br><br>Резултатите од анкетата покажуваат дека наставниците и учениците сметаат дека полесно се учи ако материјалот е поврзан со практични примери од секојдневниот живот, имплементирани на интересен начин.<br><br>Најголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат, преку проектни активности, дискусии и истражувачки работи, учење преку работа во реномирани институции во и надвор од државата преку кои се стекнуваат со поголема самодоверба.<br><br>Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите.<br><br>На учениците им се овозможува да иницираат и да спроведуваат активности со одговорност во наставата и надвор од неа.<br><br>Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето.<br><br>Училиштето на учениците им обезбедува реализација на учење преку работа/практична обука во реални работни услови кај работодавач, согласно наставните планови и програми. |

| | |
|---|---|
| **3.4.**<br><br>**ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**<br>• **Анкета за ученици**<br>• **Анкета за родители**<br>• **Анкета за наставници**<br>• **Разговор со Ученичката заедница**<br>• **Увид во евиденцијата на стручните соработници**<br>• **Тестови, наставниливчиња**<br>• **Ученичкидосиеја**<br>• **Програма за работа и извештаи на Училишната заедница**<br>• **Програми за работа за дополнителна и додатна настава**<br>**Извештаи од следење на наставата во училиштето** | Наставниот кадар и стручната служба во нашето училиште систематски ги идентификуваат недостатоците и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно отстранување. Училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) во процесот на учење и презема активности за нивно отстранување, како наставни и воннаставни активности, разговори меѓу учениците и стручната служба, ученици и директорот, помош од надворешни стручни лица, индивидуални разговори наставник- ученик, наставник- родител, групни разговори меѓу наставник и ученици, проектни активности и сл.<br><br>Дел од наставниците поминаа неколку обуки за унапредување на образовниот процес и истите користат различни техники на учење и оценување,<br><br>Различните потреби на учениците во врска со учењето се задоволуваат преку натпревари, интерактивни и интегрирани активности, посета на разни институции, музеи, излети, презентации.<br><br>Се почитуваат од страна на наставниците и други потреби на учениците: повторно објаснување на нејасни наставни содржини, по потреба се повторуваат тестовите на кои дел од учениците покажале послаби резултати, се прифаќаат оправдани извинувања за неспремност за одговарање на материјал, ослободување на ученици од часови за натпревари - училишни и вонучилишни, изнаоѓање начин на подобрување оценка со вложен труд и знаење, разбирање за отсуства, особено заради болест и/или учество на спортски и културни манифестации.<br><br>Наставниците ги охрабруваат учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот да посетуваат дополнителна настава, додека талентираните ученици се поттикнуваат да користат дополнителна литература, да посетуваат додатна настава и да учествуваат на разни натпревари. |

| | |
|---|---|
| **3.5.**<br><br>**ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ДЕЛ ОД НАСТАВАТА**<br>• **Годишна програма за работа на училиштето**<br>• **распоред за додатна и дополнителна настава**<br>• **Стандарди за оценување**<br>• **Кодекс на оценување**<br>• **Увид во педагошка евиденција и документација, дневници, е -дневници**<br>• **Дневни планирања, годишни планирања**<br>• **Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи, евидентни листи, контролни тестови и наставни ливчиња)**<br>• **Примери на оценети ученички трудови**<br>• **Анкети со ученици, родители и наставници**<br>• **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители**<br>• **Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците** | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, кое е континуирано, формативно и сумативно. Училиштето има усогласени критериуми за оценување, но од разговорот со стручната служба дојдовме до заклучок дека родителите и учениците не се во целост запознаени со истите.<br><br>Најголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно) и при тоа даваат усна и писмена повратна информација.<br><br>Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.<br><br>Се оценуваат усните и писмените одговори со различни нивоа на барања според способностите на учениците (тестови, контролни задачи, наставни листови, писмени задачи и практична примена на стекнатото знаење), како и проектните активности и степенот на ангажираност во наставните и воннаставните активности.<br><br>Се оценува бројчано, согласно барањата на ЗСО. Се обрнува внимание на степенот на ангажираноста на учениците, нивната самостојност, доследност во работата и одговорност.<br><br>Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа.<br><br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и реализирањето на наставата.<br><br>Наставниците, како и педагошката служба на крајот на секое тримесечие изработуваат аналитичка и статистичка листа за постигнатите резултати која подоцна ќе послужи за споредување на резултатите од претходните генерации. |

| | |
|---|---|
| **3.6.**<br><br>**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАПРЕДОКОТ НА УЧЕНИЦИТЕ**<br>• **Електронски дневник**<br>• **Увид во педагошка евиденција и документација**<br>• **Анкети со родители и наставници**<br>• **Евиденција на наставниците за остварени индивидуални средби и соработка со родители**<br>• **Извештаи од родителски средби**<br>• **Распоред на приемни денови на наставниците**<br>• **Педагошки мерки**<br>• **Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците**<br>• **Записници од Совет на родители** | Класните раководители во училиштето заедно со педагошко-психолошката служба се трудат постојано и навремено да ги известуваат родителите за успехот, поведението и проблемите на учениците. Во овој дел класните раководители често наидуваат на проблем бидејќи не секогаш можат да ги добијат родителите или истите не покажуваат доволно интерес  за решавање на проблемите. На родителските средби во одреден дел од класовите се јавуваат мал број на родители. Со цел надминување на овој проблем класните раководители, по потреба предметните професори или педагошко-психолошката служба ги контактираат родителите телефонски или ги повикуваат на разговор во училиптето на индивидуални средби.<br><br>Индивидуалните средби наставниците ги евидентираат во е-дневникот и / или во посебна своја тетратка или чек листа.<br><br>Родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, но треба да се разговара со родителите да присуствуваат на родителските средби во поголем број и почесто да доаѓаат во училиштето во приемните денови, се со цел да се подобри соработката меѓу наставниците и родителите, како и навременото информирање на родителите за напредокот на ученикот.<br><br>Училиштето обрнува внимание и на информирањето на родителите за изречените педагошки мерки, а функционира и советувањето на родители.<br><br>Секој родител може лесно да пристапи до е-дневникот на кој може во секое време да се информира како за оценките, така и за редовноста на своето дете, за актуелните настани во училиштето, писмени работи и други образовни активности. |

**Подрачје:Учење и настава**

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на  наставници**

| **Прашања за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **1. Моите планирања предвидуваат различен облик на работа во функција на ефикасно стекнување на знаењето и развојот на способностите кај учениците.** | 96,7% од наставниците целосно се согласуваат<br><br>3,3% од наставниците делумно се согласуваат<br><br> |

| | |
|---|---|
| **2. Моите подготовки за реализација на часот имаат јасни структури** | 96,8% од наставниците целосно се согласуваат<br><br>3,2% од наставниците делумно се согласуваат<br><br> |

| | |
|---|---|
| 3. **Ги поттикнувам учениците објективно да го проценат своето знаење** | <br>93,5% од наставниците целосно се согласуваат<br>6,5% од наставниците делумно се согласуваат |

Анализа на подрачјето преку анкетирање на ученици

| | |
|---|---|
| 1. **Училипните часови кои ги предава наставникот ни се интересни и нудат знаење кое што ќе можам да го користам во секојдневниот живот** | 82,9% од учениците целосно се согласуваат<br><br>12,2% од учениците делумно се согласуваат<br><br>4,9% од учениците не се се согласуваат.<br><br> |

| | |
|---|---|
| 2. **Учествувам во изработка на програмите заедно со наставникот** | 51,2% од учениците целосни се согласуваат<br><br>26,8% од учениците делумно се согласуваат<br><br>22% од учениците воопшто не се согласуваат<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| 3. **Реализирам практична настава во училиштето и надвор од него.** | 82,9% од учениците целосни се согласуваат<br><br>17,2% од учениците делумно се согласуваат<br><br> |

Анализа на подрачјето преку анкетирање на родители

| | |
|---|---|
| **1. Моето дете ги користи своите знаења стекнати во училиште за секојдневни животни ситуации** | 93,5% од родителите целосни се согласуваат<br><br>6,5% од родителите делумно се согласуваат<br><br> |

| | |
|---|---|
| **2. Моето дете учествува на натпревари** | 48,4% од родителите целосни се согласуваат<br><br>48,4% од родителите делумно се согласуваат<br><br>3,2% од родителите не се согласуваат<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| **3. Наставникот го охрабрува моето дете да се вклучи во вонnаставни активнисти** | 96,8% од родителите целосни се согласуваат<br><br>3,2% од родителите делумно се согласуваат<br><br><br> |

| Резултати: |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>• Наставниците самостојно и успешно ги изработуваат своите тематски, годишни и дневни планирања по новите модуларни програми.<br>• Наставниците успешно смислуваат вежби и различни методи на работа со цел да поттикнат интеракција за време на часовите.<br>• Наставниците ги поттикнуваат учениците објективно да го оценат своето знаење.<br>• Наставниците имаат јасни дневни планирања, а училиштето има одлично планирана Годишна програма.<br>• Употреба на ИКТ во наставата и целосна опременост на кабинетите.<br>• Редовно одржување на дополнителна настава.<br>• Наставниците поттикнуваат критичко мислење кај учениците.<br>• Изработени јасни и прегледни анализи на постигнатиот успех, поведението и редовноста на учениците.<br>• Реализација на Годишна програма за работа на Совет на родители на училиштето.<br>• Наставниците навреме ги изработуваат евидентните листови за постигањата на учениците.<br>• Редовно одржување на индивидуални и заеднички родителски средби.<br>• Одржување на отворени денови, промоција и достапност на училиштето и вработените.<br>• Редовно водење на педагошка евиденција и документација.<br>• Примена на ЕКО и МИО во наставата.<br>• Користење на разновидни форми и методи на оценување.<br>• Создадена стимулативна и позитивна средина за учење и развој на учениците.<br>• Одлично опремени училници со нагледни средства и помагала (фантоми, модели, постери и целосно опремени кабинети за изведување на практична настава за сите профили, модерно опремена лабараторија за часовите по хемија и физика)<br>• Создадени одлични услови за практична настава во и вон училиштето.<br>• Добра соработка на наставниците со стручната служба и менаџментот.<br>• Добра интеракција на учениците и наставниците. |
| **Слаби страни**<br><br>• Недоволна ангажираност на наставниците за охрабрување на учениците за учество на натпревари, работилници и проекти, преку сузбување на предрасудите и пречките кои им влијаат на учениците кон донесување на одлука за нивно невклучување. |

- Недоволна заинтересираност на учениците и родителите за дефинираните цели вклучени во наставните програми.
- Недоволно и неконтинуирано разменување на искуства на ниво на стручни активи за потребите на планирањето и реализирањето на наставата, но и за оценувањето.
- Недоволна практична примена на стекнатите знаења од воспитно-образовниот процес.

**Анализа на резултатите:**

При анализата на анкетите и документите кои беа потребни за евалуација на ова подрачје се дојде до заклучок дека наставниците во училиштето успешно ги извршуваат своите работни задачи, успешно ги подготвуваат своите дневни, тематски и годишни планирања, како и програмите за МИО, ЕКО, воннаставни активности и додатна и дополнителна настава. За време на час успеаваат да го задржат вниманието на учениците и да го поттикнат нивното љубопитство преку примена на ИКТ, разни методи и техники, работа во групи, истражување и слично. И наставниците и учениците се задоволни од оценувањето и сметаат дека истото е објективно и правилно. Интеракцијата меѓу наставникот и ученикот е добра, задачите кои ги задава наставникот се јасно дефинирани. Сите ученици кои во своите наставни програми имаат практична настава, работа кај работодавец и феријална пракса успешно ги изведуваат во школо и во компаниите. Додатна и дополнителна настава успешно се изведува, посебно додатната настава поради поголемиот број на ученици кои имаат потреба од истата. Училиштето особено се истакнува во делот на кабинетската нсатава, опременоста и придонесот за современа настава со наставни помагала и друг вид на дидактички помагала, но и со активности за подигање на квалитетот на практичната настава во и вон училиштето. Во иднина учениците сметаат дека е потребен поголем број на воннаставни активности и вклучување на поголем број на ученици во истите. Родителите кои се достапни за соработка на класните раководители се навремено известени, а со останатите родители соработкатаво иднина треба уште повеќе да се подобрува.

**Идни активности: Приоритетни области во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Поттикнување на поголемо вклучување и охрабрување на учениците за учество на натпревари, работилници и проекти, како и зголемување на ангажираноста на наставникот за сузбување на предрасудите и пречките кои им влијаат на учениците кон донесување на одлука за невклучување во ваквиот тип на активности.
- Вклучување на родителите во планирањето на наставата и во евалуација на остварувањето на целите од наставните програми.
- Подобрување на мотивираноста на стручните активи за: континуирана соработа и размена на позитивните практики поврзани со наставата и оценувањето, но и за прилагодување на наставните содржини со знаења потребни за практичното знаење на учениците и нивното секојдневие.

# ПОДРАЧЈЕ БР. 4 – ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Области кои се анализирани во рамките на подрачјето Поддршка на учениците:**

**4.1 Севкупна грижа за учениците**
- Заштита од физички повреди и елементарни непогоди
- Превенција од насилство
- Заштита од пушење, алкохол и дрога
- Квалитет на достапна храна
- Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот
- Грижа за ученици од социјално загрозени семејства

**4.2 Здравје**
- Хигиена и заштита од болести
- Грижа за ученици со здравствени проблеми

**4.3 Советодавна помош на учениците**
- Пружање помош при избор на занимањето-институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување
- Грижа за ученици со емоционални потешкотии

**4.4 Следење на напредокот**
- Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците
- Анализа на напредокот на учениците по паралелки

| Методи за анализа на подрачјето | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **4.1. СЕВКУПНА ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ**<br><br>• **годишен извештај за работа на училиштето**<br>• **Годишна програма на училиштето**<br>• **план за евакуација и акционен план - сертификати за обучен наставен кадар за укажување на прва помош**<br>• **осигурителни полиси** | Училиштето превзема различни активности за заштита на учениците од физички повреди и елементарни непогоди.<br><br>Училишната зграда и училишниот двор се безбедно место за учениците. Инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, струјни места, подови, прозорци) се безбедни и не претставуваат опасност за учениците. Во рамките на Годишната програма на училиштето постои програма за спасување и евакуација во случај на земјотреси и пожари. Во училиштето постојат мал број обучени наставници за давање на прва помош. Училиштето има интерен акт за превземени мерки и активности за заштита на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди. Училиштето има план за евакуација изработен од Пастор универзал дооел Скопје и акционен план. Во годишната програма за учебната 2024/2025 е предвидено со стрелки по ѕидовите јасно да се означат патеките по кои треба да се движат учениците за време на евакуација. Повеќе пати во годината да се спроведуваат вежби / симулации на елементарни непогоди за евакуација на учениците од училишната зграда Учениците го препознаваат знакот кој алармира елементарна непогода и крај на истата. Со учениците на часовите на одделенската заедница се разговара за постапките и однесувањето за време на елементарна непогода. Осигурителните полиси на учениците и на наставниците се преку Еуролинк осигурување. |

| | |
|---|---|
| • **документ за извршена набавка на ПП апарати**<br>• **документ за громобранова инсталација**<br>• **документ за извршена набавка на хидрантни уреди,**<br>• **педагошка евиденција**<br>• **Договор со фирма за обезбедување**<br>• **распоред на дежурства на наставниците**<br>• **записници од индивидуални разговори со ученици и наставници**<br>• **дневник на паралелка**<br>• **записници од работа на совет на родители**<br>• **извештаи од соработка со локална средина**<br>• **записници од санитарен инспекторат** | Училиштето има громобранова инсталација и 10 хидрантни уреди што се во добра состојба.<br><br>Во изминатиот период училиштето е целосно оградено. Во училишниот двор има патеки за движење и спортски терен. Училишниот двор има паркинг со влез и излез за возила. Исто така училиштето има и пристапен влез за лица со потешкотии во движењето, лица-инвалиди од главната порта до училишната зграда.<br><br>Во нашето училиште има мал број на ученици кои покажуваат насилно однесување. Најчесто е застапено вербалното насилство, а поретко е присутно физичкото насилство. Постои интерен Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки. Педагошките мерки се изрекуваат на ученици со насилно однесување и за ученици кои неоправдано изостануваат од наставата. Во училиштето се вршат едукативни предавања и работилници за превенција од насилство на часовите. Во изминатиот период се организираа и неколку работилници со цел информирање на учениците за интернет булингот. Едукативните предавања се реализирани од страна на раководителите на паралелктите, полициски службеници и педагошката служба на училиштето.<br><br>Во нашето училиште има физичко обезбедување од агенција за обезбедување лица и имот "СГС- Секјурити груп сервисис дооел Скопје", како и 24 часовен видео надзор во училишната зграда и во училишниот двор.<br><br>За безбедноста на учениците се грижат и дежурни наставници пред почетокот на часовите и за време на одморите. Распоредот на дежурства на наставниците е истакнат на видни места во наставничка канцеларија и на огласни табли во училишниот хол.<br><br>Во училиштето се организираат едукативни предавања за превенција од употреба на алкохол, цигари и дрога. Овие предавања ги држат претставници од невладини организации, лица од здравство и полициски службеници, како и професорките по медицинските предмети,но и класните раководитеки на класен час. Покрај тоа, на видни места е истакнат Кодексот на однесување. Во холовите, канцелариите и работните простории на училиштето има истакнати знаци за забрана за пушење. Се работи според предвидените постапки во Законот за заштита од пушење.<br><br>Учениците самостојно одбираат каква храна ќе конзумираат за време на одморите, односно училиштето не им доставува храна на учениците. Но, во училиштето се води кампања за здрава храна преку едукативни предавања и проекти, а кампањата ја вршат самите наставници во текот на часовите и преку часови каде |

| | |
|---|---|
| • **процедура за грижа на ученици со телесни пречки**<br>• **анализа на социјална структура на учениците** | имаат интеграција на еколошка едукација. Исто така, се организираат предавања на стручни лица за здрава храна.<br><br>Училиштето, посебно педагошката, психолошката служба и дефектологот се грижат за учениците со телесни пречки.<br><br>Во училиштето нема патеки за инвалидски колички, нема држачи, има посебен тоалет за ученици со телесна попреченост во развојот на приземје. Училиштето има само пристапна рампа од портата на училиштето до училишната зграда. Вработените и учениците имаат коректен пристап кон учениците со пречки во развојот и имаат посебни наставни програми. Сите се однесуваат со грижливост, внимание, емпатија и голема посветеност.<br><br>Идентификацијата на учениците со емоционална попреченост и други проблеми ја вршат наставниците и стручната служба. За да им се помогне на овие ученици, наставниците и стручната служба имаат индивидуален пристап во работата. Училиштето има пропишана програма и план на активности за работа на ученици со емоционална попреченост во развојот. Педагогот, психологот и дефектологот во својата годишна програма имаат испланирано активности за работа со сите ученици со потешкотии и пречки во развојот, како и програма план на активности за идентификување и грижа за ученици со емоционални и други проблеми.<br><br>Стручните соработници во училиштето, во соработка со раководителите на паралелките и родителите / старателите, изработува анализа на социјалната структура на учениците на почетокот од секоја учебна година. Согласно на тоа, училиштето има увид за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и се изработува соодветен преглед со потребни податоци за тие ученици. Грижата за овие ученици е голема и училиштето им помага на разни начини. Во училиштето се организираат хуманитарни акции за собирање прехрамбени продукти, облека, хигиенски средства, училишен прибор и парични средства. Бидејќи учениците се униформирани, училиштето секоја година обезбедува бесплатни униформи за учениците од социјално загрозените семејства. Исто така се внимава на овие ученици и при организирањето на екскурзии, матурска вечер и слично, односно за истите училиштето обезбедува од сопствени средства.<br><br>Училиштето прави секакви напори да им помогне на овие ученици во соработка со ЈУ Центар за социјални работи - Скопје, Општина Шуто Оризари,хуманитарни организации и други невладини организации. |

| | |
|---|---|
| **4.2**<br><br>ЗДРАВЈЕ<br>• **Годишна програма на училиштето;**<br>• **Годишен извештај за работа на училиштето**<br>• **Куќен ред;**<br>• **Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата;**<br>• **Документ за евиденција на извршени систематски прегледи на вработените;**<br>• **Педагошка евиденција и документација;**<br>• **Дневници на паралелките;** | Во Годишната програма на училиштето постои програма за здравствена заштита на учениците и превенција од заразни болести.<br><br>Редовно се вршат систематски прегледи, вакцинации во амбулантата во Шуто Оризари согласно календарот за вакцинација. Систематските прегледи за вработените се вршат редовно на секои две години, а по потреба и порано.<br><br>Во училиштето се реализира едукација на учениците за заштита од заразни болести на класен час, часови по биологија, предавања преку разглас, предавања и работилници од стручни лица. Предавањата и работилниците ги реализираат раководителите на паралелките, одговорни наставници и надворешни лица. Повремено се вршат предавања и трибини за заштита од заразни болести од страна на стручни лекарски тимови.<br><br>Хигиената на надворешниот простор на училиштето е на задоволително ниво. Училишниот двор секојдневно се чисти од секаков вид на отпадоци, има патеки за движење кои редовно се чистат, а земјаните површини се позеленети и истите се одржуваат.<br><br>Во дворот на училиштето, како и во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Хигиената во внатрешниот простор на училиштето е на задоволително ниво. Тоалетите за вработените и за учениците редовно се чистат и дезинфицираат.<br><br>Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Во тоалетите редовно се става течен сапун за одржување на личната хигиена на учениците и вработените. Ходниците, скалите, подот и училишниот мебел се чистат секој ден, а прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат најмалку по два пати во годината.<br><br>За време на одбележување на еколошките датуми (Ден на дрвото, Ден на екологијата, Ден на планетата Земја) се спроведуваат акции за чистење на училниците и училишниот двор.<br><br>Училиштето води грижа за учениците со здравствени проблеми – хронично болни и ученици кои подолго отсуствуваат од настава поради повреда или операција. Училиштето води грижа во однос на поголема соработка со родителите и информираност на учениците за текот на наставата. Во договор со наставниците се посочуваат поважните теми што ученикот треба да ги совлада. Наставниците ја даваат потребната помош и поддршка. По потреба, кога станува збор за голем број на оправдани изостаноци, се формира комисија за полагање класен испит. |

| | |
|---|---|
| **4.3**<br><br>**СОВЕТОДАВНА ПОМОШ НА УЧЕНИЦИТЕ**<br><br>• **Годишна програма и извештај на училиштето;**<br>• **Програма за професионална ориентација на учениците** | Во рамките на Годишната програма на училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел се организираат посети и презентации од државни и приватни Универзитети со дистрибуција на промотивен материјал, брошури, флаери и соопштенија со корисни информации.<br><br>Учениците од тригодишното образование имаат средби со занаетчиската комора, со цел запознавање со условите за вработување, а на некои од нив кои се заинтересирани за понатамошно образование им се посочуваат соодветните профили со четиригодишно образование во другите средни училишта на град Скопје.<br><br>Училиштето се труди да се грижи за ученици со емоционални потешкотии, без оглед на изворот (семејни проблеми, насилство, негрижа и сл.). Стручната служба и наставниците преземаат соодветни активности, разговори и упатување на тие ученици и нивните родители до релевантни институции. Училиштето има постојана соработка со центарот за социјални грижи, Министерството за внатрешни работи и Полициска станица Шуто Оризари. |

| | |
|---|---|
| **4.4**<br>**СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ**<br>• **Евидентни листови за следење на постигањата на учениците (наставнички бележници);**<br>• **Дневник на паралелката;**<br>• **Педагошка евиденција и документација;**<br>• **Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки.**<br>• **Годишна програма за работа на Совет на родители;**<br>• **Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преведници и др.);**<br>• **Анализи за постигнатиот успех и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие, полугодие и третото тримесечие** | Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постигнатиот успех и поведението на учениците по квартали редовно се евидентира во педагошката документација (дневник на паралелката, евидентен лист, главна книга, свидетелство). Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, раководителите на паралелките, наставниците и родителите за постигањата и напредокот на учениците. Наставниците подготвуваат редовни извештаи-статистика по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за напредокот и постигањата на учениците. Изготвените извештаи по паралелки се доставуваат на увид кај стручната служба и раководниот кадар, а истите се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Родителите најмалку 4 пати во текот на годината се информирани за напредокот на нивните деца на општи родителски средби. Евиденцијата на класните раководители укажува на тоа дека мал дел од родителите присуствуваат на родителските средби и баш затоа во некои одредени сегменти истите се неинформирани. Сите професори во училиштето имаат приемни денови за родители и распоредот е објавен на огласна табла.Успехот на учениците се следи континуирано во текот на целата учебна година, преку формативно и сумативно оценување. Секој наставник има бележници за следење на напредокот на учениците каде што се забележуваат постигањата преку усни одговори, писмени работи, проекти, наставни листови. Напредокот на учениците се следи преку дневник на паралелката, е-дневник и ученичко портфолио. Учениците кои покажуваат солиден успех и висок пласман на натпревари се наградени од училиштето со пофалници.<br><br>Во рамките на Годишната програма на училиштето има Програма за работа со надарени ученици. За учениците со потешкотии - пречки во развојот и со посебни образовни потреби кои не можат да го следат наставниот план и програма наставниците има изработено Индивидуален образовен план кој е доставен и кај стручната служба. Изработен е Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки што добро функционира и има ефекти.<br><br>Советот на родители редовно се информира за постигнатиот успех и поведението на учениците во текот на годината, односно по завршувањето на првото тримесечие, третото тримесечие, полугодието и крајот на учебната година. Доколку ученикот преминува во друго училиште се почитува целосно процедурата за испишување ученици од училиштето и запишување новодојдени ученици. Стручната служба на училиштето изготвува анализи за постигнатиот успех и поведението на учениците по паралелки на крајот од првото тримесечие, полугодие и третото тримесечие, а на Наставнички совет се утврдува постигнатиот успех и поведението на учениците. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. |

**Подрачје:Поддршка на учениците**

Подолу дадени се прашалникот и табеларените прегледи на подрачјето од страна на анкетираните наставници, ученици и родители.

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на наставници**

| **Прашања за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **1. Училишниот простор е безбеден за работа** | **На тврдењето дека училишниот простор е безбеден за работа**<br><br>**97,5% од наставниците целосно се согласуваат,**<br><br>**2,5% делумно се согласуваат.**<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| **2. Во училиштето се следи и санкционира насилство** | **На тврдењето дека во училиштето се следи и санкционира насилство**<br><br>**87,5% од наставниците целосно се согласуваат,**<br><br>**12,5% делумно се согласуваат.**<br><br> |

| | |
|---|---|
| **3. Во училиштето е забранета употреба на дрога и алкохол и не се пуши во училишниот простор** | **На тврдењето дека во училиштето е забранета употреба на дрога и алкохол и не се пуши во училишниот простор**<br><br>**92,5% од наставниците целосно се согласуваат,**<br><br>**7,5% делумно се согласуваат.**<br><br><br> |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на ученици**

| **Прашања за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **1. Училишниот простор е безбеден за работа** | **Од анкетираните ученици 85% целосно се согласуваат со ова тврдење, 15%делумно се согласуваат.**   |

| | |
|---|---|
| **2. Во училиштето се следи и санкционира насилство** | **Од анкетираните ученици 87,5% целосно се согласуваат со ова тврдење, 7,5% делумно се согласуваат и 5% не се согласуваат.**<br> |

| | |
|---|---|
| **3. Во училиштето е забранета употреба на дрога и алкохол и не се пуши во училишниот простор** | **Од анкетираните ученици**<br><br>**- 95% целосно се согласуваат со ова тврдење,**<br><br>**-5% одогвориле дека делумно се согласуваат**<br><br>**-0% одговориле дека не се согласуваат**<br><br><br> |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на родители**

| Прашања за анкета | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| **1. Училишниот простор е безбеден за работа** | **Од анкетираните родители 100% целосно се согласуваат со ова тврдење.**   |

| | |
|---|---|
| **2. Во училиштето се следи и санкционира насилство** | **Од анкетираните родители 75% целосно се согласуваат со ова тврдење, додека 25% делумно се согласуваат.**   |

| | |
|---|---|
| **3. Во училиштето е забранета употреба на дрога и алкохол и не се пуши во училишниот простор** | **Од анкетираните родители**<br><br>- **87,5% целосно се согласуваат со ова тврдење,**<br>- **12,5% делумно се согласуваат**<br>- **0% одговориле дека не се согласуваат**<br><br><br> |

| Резултати: |
| --- |
| **Клучни јаки страни**<br><br>• Училиштето и училишниот двор се безбедно место за учениците.<br>• Училиштето ги има превземено сите потребни мерки за заштита од елементарни и физички непогоди.<br>• Училиштето успешно се справува и го намалува бројот на врсничко насилство.<br>• Постои добра соработка со институции соработници од јавниот и приватниот сектор: амбуланта Шуто Оризари, Министерство за Внатрешни Работи, Полициска станица Шуто Оризари, Центар за социјални работи на Град Скопје и приватни и државни универзитети;<br>• Се организираат хуманитарни акции за помош на социјално загрозени ученици и ученици на кои им е потребна помош за лекување.<br>• Училиштето ги идентификува и следи учениците со физички и ментални здравствени проблеми и оние со посебни образовни потреби.<br>• Во однос на учениците кои имаат здравствени проблеми се превземаат мерки во согласност со можностите на училиштето и се реализираат активности за подигање на свесноста за дравјето и здравите животни навики.<br>• Училиштето е достапно за разгледување и нудење на поддршка за учениците при решавање на проблемите од социјален, психолошки и педагошки аспект.<br>• Училиштето им помага на учениците во изборот на нивното понатамошно образование, ги советува и насочува.<br>• Училиштето води евиденција за напредокот на учениците, нивната редовност, поведение и истата по потреба е достапна за наставниците, родителите и учениците.<br>• Училиштето ги информира учениците и родителите за давање поддршка од страна на стручната служба. |
| **Слабости**<br><br>• Недоволна информираност и грижа за квалитетот на храна која ја конзумираат учениците за време на одморите.<br>• Недоволна информираност на родителите за условите и постапката за изрекување на педагошките мерки.<br>• Немање на кариерен центар на училиштето.<br>• Немање на развиен и одржлив систем за следење на надарените/талентираните ученици и немање на доволен број на обучени наставници за работа со деца со ПОП. |

## ПОДРАЧЈЕ4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Училиштето е безбедна средина за учениците и има соодветна заштита за сите елементарни и физички непогоди. Меѓуврсничкото насилство е намалено преку едукативни работилници. Навремено се изрекуваат педагошки мерки на учениците. Училиштето има јасни протоколи, низа на активности, како и јасен став за решавање на проблемите со насилството, безбедноста и промоција на вредности за соработка, толеранција, недискриминација и ненасилство.<br><br>Наставниците и службата успешно организираат предавања и соработуваат со институциите во однос на пороците (цигари, алкохол и дрога). Училиштето соработува со многу НВО , каде што редовно се одржуваат работилници за поддршка на учениците. Наставниот кадар во нашето училиште води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го преставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО и МОН.<br><br>Училиштето спроведе договори за соработка со различни иституции и работодавачи од типот на: бизниси, јавни институции, невладини организации, здруженија на граѓани и слично, кои ги едуцираат учениците и вработените и излагаат во пресрет на училиштето за соработка во делот на практичната настава, учењето преку работа или пак нудењето на помош при справување со проблемите во училиштето. Хигиената во училиштето е на многу добро ниво. Потребно е да се зголеми бројот на обучени наставници за давање на прва помош на ученици, но и на работа со деца со ПОП. |
| **Идни активности: Приоритетни области во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>• Преземање на мерки и активности за поттикнување на свесноста за здрава исхрана на учениците.<br>• Родителите сметаат дека не се доволно информирани за условите за изрекувањето на педагошки мерки за учениците.<br>• Отворање на кариерен центар во училиштето и подобрување на пристапот за професионална ориентација на учениците.<br>• Креирање на систем за следење на надарени, талентирани и успешни ученици во училиштето. |

# ПОДРАЧЈЕ БР. 5 – УЧИЛИШНА КЛИМА

**Области кои се анализирани во рамките на Подрачје 5 Училишна клима:**

**5.1. Училишна клима и односи во училиштето**

- **Углед-имиџ на училиштето**
- **Кодекс на однесување**
- **Училишна клима**
- **Поведение и дисциплина во училиштето**
- **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки**

**5.2. Промовирање на постигањата**

- **Промовирање на личните постигања на учениците**
- **Промовирање на постигањата во име на училиштето**

**5.3. Еднаквост и правичност**

- **Познавање на правата на децата**
- **Еднаков и правичен третман на сите ученици**
- **Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**

**5.4. Соработка со родителите и со локалната заедница**

- **Соработка на училиштето со родителите**
- **Соработка со локалната заедница**
- **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор**

**Подрачје: Училишна клима**

| | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **5.1**<br><br>**УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | Училиштето има јасно определена визија истата гласи:<br>Изграден модел на позитивен пример за современо и препознатливо училиште, кое промовира интегриран и инклузивен воспитно-образовен процес каде водечки принципи се: мотивирањето и извлекувањето на максимумот од учениците, тимската работа, почитување на различностите, како и ефективно одговарање на современите предизвици (трендовите на образованието и пазарот на трудот) преку создавање на образован, вешт, флексибилен и слободоумен кадар.<br>Следствено на тоа има и јасно одредена мисија која која ќе се реализира преку следните чекори: Создавање на врвна работна атмосфера, поттикнување на професионална соработка и иницирање на активности за промоција на долг и одржлив развој на училиштето, Примена на напредни, иновативни и современи облици на учење, работа и делување кои придонесуваат за стимулирање на индивидуалниот развој на сите ученици и вработени без разлика на етничката припадност, Примена на современа образовна и информациска технологија со методи на активно учење и иновативност.Поттикнување на отвореност, критичко размислување и промени кои се патоказ за креативна, здрава, образована и активна млада личност.Заемно почитување, доверба, еднакви можности за сите, како и развивање на свеста за правата и одговорностите на ученикот, општествена одговорност за придонес кон заедницата и личниот развој.Примена на одржлива политика и јасен план за личен и колективен развој на вработените во училиштето.Едуцирање кадри за потребите на пазарот на трудот, преку реализирање на современи и флексибилни наставни планови и програми, програми за неформална едукација и вештини конкурентни на пазарот на трудот.<br>Мото на училиштето : Тука започнува твојот успех!<br>Односите и климата на училиштето се градат континуирано и посветено, од аспект на тоа дека училиштето не опстојува долги години и нема изградено соодветни децениски традиции, може да се забележи дека од почетокот до сега се создава релазија на добар колегијален однос, но и однос на двонасочност помеѓу учениците и наставниците. |

| | |
|---|---|
| **5.2. ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА**<br><br>**- Годишна програма за работа на училиштето**<br>**- Развоен план на училиштето**<br>**- Записници од Училиштен одбор и Наставнички совет**<br>**- Годишен извештај за финансиското работење на училиштето**<br>**- Прашалник за наставници**<br>**- Прашалник за родители**<br>**- Прашалник за ученици**<br>**- непосреден увид**<br>**-Записници од комисии, совет на родители, ученичка заедница**<br>**- полугодишен и годишен извештај**<br>**- Записници од работата на стручните активи**<br><br><br>**5.3 ЕДНАКОВСТ И ПРАВИЧНОСТ**<br><br>**- Увид над интерните акти, правилници кодекси на училиштето**<br>**- Анализа на статистички обработени податоци**<br>**- Анализа на спроведените анкети** | Промовирањето е една од најјаките страни на училиштето генерално, затоа што се користат многу различни канали на промовирање, информирање, отвореност и транпарентност.<br>Во училиштето постои и се почитува Правилник (Кодекс на однесување).<br>Во него се содржани принципи, правила и обврски на однесување на сите структури во училиштето. Кодексот е изработен е од самите наставници и ученици и е поставен на видни места во училиштето (хол, ходници, канцеларија). Училиштето има процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување кои се пропишани со кодексот и сите процедури редовно се спроведуваат во пракса.<br>Училиштето ја негува родовата сензитивност.<br>Соработката на наставниците во нашето училиште е на високо ниво, особено помеѓу наставниците кои предаваат сродна група предмети, како и во стручните активи. Раководниот и наставен кадар има важна улога во добрата атмосфера во училиштето<br>Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. Сите вработени постојано апелираат и ги упатуваат своите ученици на грижа за училиштето како и едни за други. Наставниците настојуваат сите ученици без разлика на вера, род, етничка припадност, потекло, способности да се чуствуваат прифатени и среќни во училиштето.<br>Во врска со почитувањето на наставниците од страна на учениците може да се каже дека е на задоволително ниво, иако постојат ученици со делумно неетичко и несоодветно однесување кон наставниците.<br>Училиштето има активен однос на соработка и грижа кон учениците со различни способности или со различни пречки во развојот. Овој однос се базира на взаемна поддршка и почитување. Овие ученици добиваат помош од наставниците и соучениците низ заедничка тимска работа со што се придонесува овие ученици полесно да се вклопат во средината, а останатите да се научат на емпатија и помагање на послабите и понемоќните од нив.<br>За **поведението и дисциплината** во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето. **Работната атмосфера** е присутна за време на наставата и воннаставните активности.<br>Во текот на учебната година на секое тримесечие, на полугодие и на крајот од учебната година, Совет на паралелка по предлог на класен раководител и во |

| | |
|---|---|
| **5.4 СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА**<br><br>**-Увид над записниците од одржан наставнички совет, од одржани родителски средби,**<br>**- Увид над договорите за соработка со нво, институции, факултети и други правни лица од јавен и приватен сектор**<br>**- Анализа на анкети** | консултација со предметните наставници и стручната служба се пофалува по еден ученик од секоја паралелка од 1 до 4 година од сите профили и истите ученици се пофалуваат на Наставнички совет, а понекогаш и преку училиштниот разглас, со цел јавната пофалба да делува мотивирачки кај сите ученици. Учениците се пофалуваат за постигнатиот одличен успех, примерно поведение и коректен однос спрема наставниците, соучениците и сите вработени во училиштето. Се истакнуваат и редовно се соопштуваат сите ученици кои освоиле награди на општинските, градските и државни натпревари.<br>За учениците од завршните години, трет и четврт степен на крајот од учебната година се распишува оглас на кој учениците можат да конкурираат за првенец на генерација. Училиштето формира комисија од предметните наставници и стручната служба кои придржувајќи се кон Правилникот кој го има училиштето за избор на првенец на генерација и согласно изградените критериуми во тој правилник избира ученик кој се прогласува за првенец на генерација.<br>За учениците со **несоодветно однесување** по било која основа и оние кои не го почитуваат Етичкиот кодекс на училиштето, класниот раководител како и Совет на паралелка, Наставнички совет и директорот изрекуваат соодветни **педагошки мерки**, според Правилникот за педагошки мерки од Законот за средно образование.<br>Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите во однос на дисциплината и редовноста. Сметаме дека со зајакнување на наставничките дежурства овие проблеми би се намалиле уште повеќе особено за време на одморите кога и најмногу се случуваат конфликти помеѓу учиниците.<br>Учениците се навремено и целосно информирани за новости кои се во нивен непосреден интерес и нивното мислење се зема предвид во носењето на заедничките одлуки.<br>Во училиштето и самите ученици имаат можност да партиципираат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки.<br>**Училишната заедница** формираше тимови за поддршка на учениците со потешкотии во учењето од нивни соученици кои им пружаат помош во совладување на наставните содржини на часовите за додатна настава во соработка со наставниците.<br>Учениците учествуваат и во **подготовките за одбележување на Патрониот празник** на училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето е **отворено за соработка** со надворешни лица во организирање на разни работилници, продажни манифестации, отворени часови, презентации, приредби и спортски настани.<br>Училиштето **соработува** со советници од БРО, колеги од други училишта, родители, членови на месната заедница, локалната самоуправа, просветни инспектори итн.<br>Учениците и наставниците се горди на своето училиште затоа што во овие 9 години постоење тоа е вклучено во разни проекти кои ја унапредуваат и усовршуваат работата на истото.<br>Училиштето **организира и различни слободни ученички активности**, секции кои им овозможуваат на учениците активно да го користат своето слободно време и да ги изразуваат своите афинитети преку поетска, новинарска, јазична, спортска и многу други секции.<br>Училиштето често **организира посета** на новинарски куќи, музеи, печатници, споменици, библиотеки, културни манифестации, театарски претставии, саеми со што ја зголемува општата култура и знаења на учениците.<br>**Добиените награди, дипломи, пехари, медали, благодарници и признанија** на натпреварите ги потврдуваат успесите и високиот рејтинг на нашето училиште на кои се горди и учениците и наставниците.<br>Наставниците во соработка со здравствените институции постојано се **грижат за здравјето на учениците.** Грижата се манифестира преку спроведување систематски прегледи и задолжителна имунизација.<br>Во училиштето се **одржуваат трибини и предавања од страна на стручни лица**, лекари, активисти на Црвениот крст и сл. Особено се обрнува внимание на борбата против зависностите како дрога, алкохол, никотин и др. преку предавања на сручни лица и корелација на овие теми со различни предмети.<br>За **хигиената во училиштето** се грижи технички персонал и Ученичката заедница.<br>За **безбедноста** на учениците во училиштето се грижат наставниците и задолжителното обезбедување. За безбедноста постојано се грижат и сите вработени (стручна служба, директор, наставници, но и останатиот дел од вработените).<br>Во текот на учебната година пред почетокот на часовите и за време на големиот одмор се организираат **дежурства на наставници,** помогнати од обезбедувањето на училиштето се со цел поголема безбедност на учениците. |

| | |
|---|---|
| | Своите дежурства наставниците ги извршуваат придржувајќи се кон претходно подготвениот распоред за дежурства кој е истакнат во наставничка канцеларија и во холот на училиштето. Сметаме дека дежурствата треба да се зајакнат и да се извршуваат поодговорно и на главниот влез во училиштето и на спратовите. Наставниците и обезбедувањето на училиштето, за безбедноста се грижат не само во училиштето, туку и за време на воннаставните активности кои се спроведуваат надвор од училиштето, како што се спортски натпревари, хорски смотри и сл<br><br>Училиштето става акцент и постојано ги промовира личните постигања на учениците. Средината за учење е успешно организирана, благодарение на залагањата на наставниците и стручната служба кои поставуваат јасни и високи очекувања во однос на образовните постигања.<br>**Училиштето постојано ги поттикнува учениците** за учества на меѓународни, државни, градски и општински натпревари. На овие натпревари учениците имаат освојувано многу награди, дипломи за освоени места, пофалници, медали и пехари. Сите тие се изложени во холот на училиштето, канцеларијата на директорот како и во училишните кабинети.<br>Сите постигања на учениците редовно се објавуваат на веб страницата и фан пејџот на училиштето и се запишуваат во записниците на Наставничките совети. На тој начин се постигнува поголема **мотивација кај учениците** за натамошно надоградување како и учество на натпревари по сите наставни предмети.<br>**Постигнувањата на наставниот** кадар и нивното менторство на учениците на општинските, државни и регионални натпревари се истакнува на Наставничките совети. Училиштето има систем на наградување на учениците и наставниците кои постигнале успех во промоција на училиштето.<br>. Учениците во соработка со нивните родители се упатуваат на додатни часови по одредени наставни предмети, а се со цел проширување на нивните знаења, способности и вештини.<br>Училиштето надарените ученици ги промовира на тој начин што наставниците даваат свои мислења и препораки, за користење стипендии како и мислења до МОН и други институции.<br>За **конкурирање за стипендии** учениците добиваат препорака од класниот раководител и предметните наставници по предметите за кои имаат посебни афинитети. |

| | |
|---|---|
| | **Учениците ги промовираат сопствените успеси**, во име на училиштето и со земање учество во разни ТВ емисии (ТВ Телма, 24 Vacti, Roma Press и сл.).<br>Многу често учениците се промовираат себе си и училиштето во **училишниот весник Шаип Јусуф.**<br>**Се организираат редовни родителски средби** на секое тримесечие, полугодие и на крајот на учебната година како и вонредни родителски средби по потреба.<br>Родителите се вклучени во воспитно-образовниот процес и преку учество во Советот на родители и Училиштниот одбор.<br><br>**Училиштето е отворено за родителите,** нивна посета на часовите и заеднички активности и работилници. Дел од наставниците и на Вибер имаат направено групи со родителите заради информирање , координација и соработка со истите.<br>Сметаме дека инволвираноста на родителите во воспитно-образовниот процес неминовно доведува до постигнување на повисоки резултати и квалитетно решавање на заедничките проблеми.<br>Во тој контекст од страна на училиштето се инсистира на заедничка соработка со родителите. Мора да напоменеме дека не сите родители се вклучуваат во овие наши активности.<br>За **тековните информации** родителите добиваат писмени известувања и тоа за: матура, екскурзии, изборни предмети и сл.<br>Училиштето има и **свој веб- сајт и фан пејџ на Фејсбук** преку кој учениците и родителите брзо и адекватно се информираат за сите активности на училиштето.<br>Училиштето **настојува да соработува** со правни и физички лица од локалната заедница и локалните власти, а сето тоа се одвива согласно Законот за средно образование.<br>Училиштето постојано **соработува со локалната заедница** преку организирање различни спортски натпревари. |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на наставници**

| Прашања за анкета | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| **1. Наставниците јасно ги истакнуваат постигнувањата на учениците** | -100% од наставниците се изјаснија дека целосно се согласуваат дека наставниците јасно ги истакнуваат постигнувањата на учениците<br><br>-0 % од наставниците се изјаснија дека делумно се согласуваат дека наставниците јасно ги истакнуваат постигнувањата на учениците<br><br>-0% од наставниците се изјаснија дека не се согласуваат дека наставниците јасно ги истакнуваат постигнувањата на учениците<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| **2. Училиштето ја негува родовата еднаквост, мултикултуризмот, меѓуетничката интерагција и младинскиот активизам** | -97% од наставниците целосно се согласуваат,<br>-3% делумно се согласуваат<br>-0% од наставниците одговорија дека не се согласуваат<br><br> |

| | |
|---|---|
| **3 На училиштето му се важни постигањата на учениците** | -97% од наставниците целосно се согласуваат,<br>-3% делумно се согласуваат<br>-0% од наставниците одговорија дека не се согласуваат<br><br> |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на ученици**

| Прашања за анкета | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| **1. Училиштето правилно го има организирано просторот и правилно ги има искористено просторно – техничките услови** | -100% од наставниците се изјаснија дека целосно се согласуваат дека училиштето правилно го има организирано просторот и правилно ги има искористено просторно – техничките услови<br>-0 % од наставниците се изјаснија дека делумно се согласуваат дека директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем.<br>-0% од наставниците се изјаснија дека не се согласуваат дека директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем.<br><br> |

| | |
|---|---|
| **2. Училиштето ги подобрува амбиенталните (просторните) услови за работа (греење, мебел, реконструкција на училници, под, кров, двор и сл.)** | -100% од наставниците целосно се согласуваат,<br>-0% делумно се согласуваат<br>-0% од наставниците одговорија дека не се согласуваат<br> |
| **3. Навремено се обезбедуваат просторно, технички и други услови за практична обука, а исто така и потрошни материјали за реализација на истата.** | -98% од наставниците целосно се согласуваат,<br>-2% делумно се согласуваат<br>-0% од наставниците одговорија дека не се согласуваат<br> |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на родители**

| **Прашање за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **1. Имам добра соработка со класниот раководител** | -100% од родителите целосно се согласуваат дека имаат добра соработка со класниот раководител<br><br>-0% делумно се согласуваат дека имаат добра соработка со класниот раководител<br><br>-0% од родителите одговорија дека не се согласуваат дека имаат добра соработка со класниот раководител<br><br> |

| | |
|---|---|
| **2. Знам на кого да се обратам на училиштето кога имам било каква потреба** | -100% од родителите целосно се согласуваат<br><br>-0% делумно се согласуваат<br><br>-0% од родителите одговорија дека не се согласуваат<br><br> |

| | |
|---|---|
| **3. Сите наставници кои му предаваат на моето дете ги почитувам подеднакво** | -100% од родителите целосно се согласуваат<br>-0% делумно се согласуваат<br>-0% од родителите одговорија дека не се согласуваат<br> |

| **Резултати** |
| --- |
| **Клучни јаки страни:**<br>• Училиштето континуирано ги подобрува материјално техничките услови за работа.<br>• Училиштето стабилно и посветено го изградува својот имиџ и препознатливост.<br>• Училиштето има активна и партиципативна ученичка заедница.<br>• Училиштето активно работи на промоцијата.<br>• На училиштето му се важни постигањата на учениците и истите ги истакнува на видно место, ги промовира и вреднува.<br>• Училиштето ги опремува училниците со потребната опрема и нагледни средстава.<br>• Висок е процентот на ученици со примерно поведение.<br>• Училиштето има јасни кодекси, правилници и интерни акти за регулирање на меѓуученичките односи, меѓусебните односи на вработените и односите на вработените и учениците.<br>• Учениците ги знаат своите права и начините на нивно штитење.<br>• Училиштето го негува мултикултурализмот и ги прифаќа различностите.<br>• Училиштето има развиена мрежа на соработка со локалната средина, невладиниот сектор и слично.<br><br>**Слабости:**<br>• Слаб интерес на родителите за соработка со училиштето и учество во животот на училиштето.<br>• Неприлагодени и недоволно ефективни интерни акти (кодекси, правилници) во врска со поведението и дисциплината и однесувањето на учениците во училиштето.<br>• Недоволно активности за промоција на мултикултурализмот и мултикултурната интеракција. |

## ПОДРАЧЈЕ 5: УЧИЛИШНА КЛИМА

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Училиштето од почетокот до сега има преземено голем број на активности кои придонесуваат за зголемување на имиџот, препознатливота на истото како институција со вредности и принципи, но и квалитет. Има јасни правила и принципи на функционирање, од аспект на униформираност на учениците, некористење на телефони за време на часовите, јасно воспоставен куќен ред, обезбедување при влез и слично. Но , во поглед на одредени интерни акти добро е да се направи адаптација, измени и дополнување за поголема ефикасност и ефективност. Клучна и позитивна страна е тоа дека училиштето има функционална, проактивна и подготвена ученичка заедница за секаков вид на кооперативност при одлучувањето и функционирањето и за истата се изнајдени начини за соработка и голема партиципативност. Училиштето соодветно ги промовира достигнувањата на учениците и училиштето. Развива култура на еднаковст и правичност, толеранција, мултикултурализам и толеранција. Учениците се информирани за своите обврски, но и за своите права.Соработката со невладините организации е на високо ниво, се реализираат голем број на проекти кои се од корист на учениците и вработените, соработката со родителите е на добро ниво, но истата треба да се интензивира и зачести, од ааспект на опфатноста – затоа што има родители кои нецелосно се посветуваат во овој домен. Климата меѓу вработените е добра, но истата треба да се надогради  и одржува во насока зајакнување на тимската работа. Училиштето има одличен партнерски однос со учениците, со соработниците и надворешните субјекти. |
| **Идни активности:  Приоритетни области во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>• Продолжување и одржување на промоцијата на училиштето како добра и препознатлива практика.<br>• Зголемување на мотивираноста на родителите за соработка со училиштето.<br>• Продолжување на активностите за одржлива тимска работа и други форми за заедничко континуирано функционирање на вработените. |

# ПОДРАЧЈЕ БР. 6 – РЕСУРСИ

**Области кои се анализирани во рамките на подрачјето ресурси:**

**6.1 Сместување и просторни капацитети**

- Просторни услови
- Искористеност на просторните капацитети

**6.2 Наставни средства и материјали**

- Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала
- Училишна библиотека
- Потрошен материјал

**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**

- Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
- Ефикасност и распоредување на кадарот
- Стручна служба како поддршка на наставниот кадар

**6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

- Професионален развој на наставниците

**6.5 Финансиско работење во училиштето**

- Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење
- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

**Подрачје:Ресурси**

| Методи за анализа на подрачјето | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **6.1.**<br><br>**СМЕСТУВАЊЕ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ**<br>**- Годишна програма за работа на училиштето**<br>**- Развоен план на училиштето**<br>**- Записници од Училиштен одбор и Наставнички совет**<br>**- Годишен извештај за финансиското работење на училиштето**<br>**- Прашалник за наставници**<br>**- Прашалник за родители**<br>**- Прашалник за ученици**<br>**- непосреден увид**<br>**-записници од просветна, трудова и санитарна инспекција**<br>**- распоред на часови**<br>**- полугодишен и годишен извештај**<br>**Записници од работатана стручните активи** | Просторниот капацитет на училиштето задоволува и се користи непречено. Училишниот објект (тврда градба) датира од 2015 год. на површина од 4.405 м2. Наставата се одвива ворелативно одржан училишен објект кој располага со18 училници и 3 кабинети, амфитеатар фискултурна сала со10 помошни простории, кујна, библиотека, административни, санитарни и другипомошни простории, но за сите какоприоритет е варосување на истите и менувањена вратите. Дворната површина од 2.720 м2 и е оплеменета со зимзелени садници, спортски полигони релативно сочувани, бетонирани пристапни патеки , а пред главниот влез на објектот бетонирана патека според законските стандарди за непречен пристап на<br>лица со хендикеп и држач за велосипеди. Постои и заден влез во училиштето. Околу целиот училиштен објект е поставена втора заштитнаоград од ковано железо заради заштита и безбедностни причини. Опременоста научилниците одговара на стандардите за изведување на современа настава, бидејќи иститесе опремени со обновен училиштен мебел и информатичка опрема. Од 18 училници ситеучилницисе опремени со информатичка опрема.Административните простории (директор, секретар и домаќин) се опремени со современ мебел, фотокопир и ИКТ опрема. Просторниот капацитет на училиштето е оптимално искористен од сите членови на колективот (подеднакво М и Ж). |
| **6.2.**<br><br>**НАСТАВНИ СРЕДСТВА ИМАТЕРИЈАЛИ**<br>**- Годишна програма за работа на училиштето**<br>**- Пописна листа**<br>**- Картони за евиденција на читатели**<br>**- Предлози од наставници за потребните** | Од пописнаталиста поврзана со состојбите на стручна литература и наставните помагалаи од предлозите на наставниците се гледа дека училиштето има понови изданија настручна литература и со времени нагледни средства.<br>-Училишната библиотека со книжен фонд 2500 книги, ученичка литература, 600 лектирни изданија, 50 стручна литература. Од учебната 2020/2021 година, како новитет во библиотеката е воведено електронското библиотечно работење и континуирано се евидентираат сите постојни иновонабавени книжнии зданија, како и постојните и новичленови-читатели. Библиотеката има потреба од повеќе |

| | |
|---|---|
| **наставни средства и помагала**<br>**- Записници за издаден реверс за доделени нагледни средства**<br>**- Листа на стручна литература**<br>* **Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручналитератураинаставнипомагала**<br>* **разговор со наставниците, стручната служба и директорот**<br>* **увидво библиотечната евиденција**<br>* **разговор со библиотекар**<br>* **разговор со ученици**<br>* **разговор со техничкиот персонал**<br>* **увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали**<br>* **самоеволуација н аучилиштето и план за развојна училиштето**<br>* **разговор со наставниците и непосреден увид во документацијата на училиштето и интерните акти**<br>* **полугодишен и годишениз вештај, годишна програма** | лектирни изданија, но во тој поглед секоја година, споредможностите, се набавуваат одреде број наслови.<br>Потрошниот материјал, на ниво на потребите на училиштето, согласно потребите, редовно се снабдува и ни се ставани на располагање. |
| **6.3**<br><br>**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИОТ НАСТАВЕН КАДАР**<br>**- Дневници**<br>**- Годишна програма на училиштето**<br>**- Развоен план на училиштето**<br>**- Досиеја на вработените**<br>**- Електронска евиденција на работното време**<br>**- Прашалник за наставници**<br>**- увид во правилникот за систематизација** | Според електронската евиденција за работното време, присуството на вреботените е намногу добро ниво.<br>-Во училиштето има вкупно 52 вработени: 42 наставен кадар, 6 технички персонал, 1адми-нистративни службеници, 2 стручни со работниции 1 директор.<br>Според половата структура на вработените 9 (17,31 %) се мажи, а 43 (82,69%) се жени.Според степенот на образование на вработените состојбатае :магистри -7 (13,46%); ВСС-36 (69,23%); ВШС- 1(1,92%) и ССС-2(3,84%).<br>Според националната структура со стојбатае: Македонци-38(73,07%), Турци-1(1,92%)и<br>Роми- 4 (7,69%), Албанци- 1 (1,92%), Бошњаци- 1 (1,92%).<br>Наставниот кадар брои 42 наставници: М-6 (14,28%) и Ж-36 (85,71%). Одделенски наставници се 19, а предметни наставници се 23. Бројот на вработените се менува |

| | |
|---|---|
| **- разговор со директорот, со наставниците и со стручната служба**<br>**- програма за работа на стручната служба**<br>**- тетратка за дежурства** | согласно потребите на училиштето.<br>Од податоците за вработените може да се констатира следното: во училиштето најголем дел од вработените се жени од македонска националност со ВСС.<br>Вработените во училиштето се адекватно распоредени на работни места (во согласност со законските одредби) со што се постигнува и поголема ефективност во целокупната работа на училиштето.<br>Наставниците ефективно и ефикасно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар,училиштето има механизми за брза и соодветна замена.<br>Целиот персонал (машки и женски) е редовно присутен на работа според прописите. Присутноста на наставниците може да се следи преку одржаните часови заведени во е-дневник, тетратката за дежурства и евиденцијата преку електронски картички.<br>Во училиштето има поставено апарат кој ја евидентира присутноста на вработените (отчукување со картичка за идентификација при влез и излез).<br>-Наставниците организираат отворени часови на кои ги демонстрираат новите форми,методи, техники и стратегии во наставата пред други наставници и стручната служба. Размената на искуствата се практикува на стручни активии посета на семинари и обуки. |
| **6.4.**<br><br>**СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТРЕБИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР**<br>**-Увид во педагошка евиденцијаи документација**<br>**- Евидентирани посети на часови од директор и стручна служба**<br>**- Сертификати и дипломи**<br>**- Прашалник за наставници**<br>**- интерниакти**<br>**- разговор со стручната служба, наставниците и директорот**<br>**-листи од спроведени интерни обуки** | Работата на наставниците се оценува преку планирани посети на часови од страна на директор, педагог, психолог, и интерното оценување, кое го спроведува МОН, БРО, ДПИ со што се врши увид во начинот на изведување на наставата како и увид во Годишните програми и наставните планови.<br>Училиштето им овозможува на наставниците учество на семинари, обуки (еднодневни и повеќедневни), организирани од БРО, МОН, невладини организации и локалната самоуправа.<br>Навремено се одредува ментор за наставник приправник и му се овозможува помош за успешно завршување на приправничкиот стаж.<br>Менаџерскиот тим и наставниот кадар ја следат програмата за професионален развој утврдена од МОН со присуство на сите семинари, обуки, советувања и сл. Организирани од БРО, МОН или поддржани, во склоп на одредени проекти , а организирани од невладини организации. Исто така, менаџерскиот тим, наставниот кадар и останатите вработени, присуствуваат и стручно се обучуваат на сите форми за обука организирани од локалната самоуправа. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признания на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. |
| **6.5.**<br><br>**ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**<br>**-Годишен извештај за финансиското работење на училиштето**<br>**- Записници од Училишен Одбор и одлуки од УО**<br>**- Записници од Совет на родители**<br>**- Записници од Наставнички совет**<br>**- Квартален финансов план (локална заедница-сектор за финансии)**<br>**- Прашалник за наставници**<br>**- Прашалник за родители**<br>**- увид во финансов план, развоен план и годишна програма за работа на училиштето**<br>**- разговор со:наставниците,директорот и УО**<br>**- склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди**<br>**Записници од ревизија** | Добро спроведувано и контролирано финансиско работење се обезбедува со кадри кои се адекватно обучени и кои имаат работно искуство во истата област.<br>Финансиското работење на училиштето го следи и контролира директорот,Училиштниот одбор, локалната заедница, МОН и инспекциските служби задолжени со закон на РМ.<br>Сите финансирања од родителите за учениците, кои не се составен дел на буџетот на училиштето, како што се осигурување, обезбедување, ужинка, топол оброк, екскурзии и сл. Одат директно на давателите на услуги со што се избегнува посредничката улога на наставниот кадар и училиштето, а се обезбедува целосна транспарентност.<br>За финансиското работење одговорен е директорот или назначено од него лице и сметководителот. Почитување на законската регулатива за финансиското работење во училиштето се обезбедува со целосен увид и контрола од страна на директорот и Училиштен одбор, ангажираноста на стручно лиценцирано лице за извршување на финансиско сметководствени работи, редовно следење на промените во законската регулатива како и редовно доусовршување и информирање, преку семинари и советувања за финансиското работење.<br>-Планирањето на училишниот буџет, условено од средствата кои се добиваат од МОН, локалната самоуправа и дополнителните средства од разни донации и сл. го прави директорот со соработниците и истото го изложува пред Училиштен одбор, Совет на родители Наставнички совет, обезбедувајќи потврда за планирањето.<br>Трошењето на училишниот буџет се врши во согласност со позитивните законски прописи, одлуките на директорот и Училиштниот одбор,а за трошењето на планираните и неплани-раните средства од разни донации и сл.во согласност со Советот на родители или во согласност со локалната самоуправа (во зависност од каде доаѓаат донациите односно средствата).<br>Транспарентноста во планирањето и трошењето на училишниот буџет се врши со почитување на споменатата процедура. |

**Подрачје:Ресурси**

Наставниот план е пропишан на национално ниво, но училиштата имаат избор како да го реализираат и прилагодат на локалниот контекст, како и да најдат заеднички аспект помеѓу различни предмети за да се унапреди ефикасноста и интегрираното учење.

Подолу дадени се прашалникот и табеларените прегледи на подрачјето од страна на анкетираните наставници, ученици и родители.

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на наставници**

| **Прашања за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **1. Училиштето правилно го има организирано просторот и правилно ги има искористено просторно – техничките услови.** | **Од вкупно 30 испитани наставници, 29 од нив основно (93.3%)- целосно се согласуваат, додека само 2 или (6.7%) делуно се согласуваат. Нема наставници кои не се согласуваат по ова прашање.**   |

| | |
|---|---|
| **2. Училиштето располага со современа и опремена библиотека.** | **Од вкупно 30 испитани наставници 28 (93.3%) целосно се согласуваат, а 2 од нив (6.7%) делумно се согласуваат.Нема ниту едне наставник кој не се согласува.**   |
| **3. Училиштето континуирано обезбедува и придонесува кон зголемување на библиотечниот фонд и стручна литература** | **Од 30 испитани наставници 28 (93,3%) целосно се согласуваат и 2 од нив (6.8%) делумно се согласуваат.**   |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на ученици**

| **Прашања за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **1. Училиштето правилно го има организирано просторот и правилно ги има искористено просторно – техничките услови.** | **Од вкупно 41 анкетирани ученици, сите од нив 41 (100%) целосно се согласуваат по основ на ова прашање.**   |

| | |
|---|---|
| **2. Училиштето располага со современа и опремена библиотека.** | **Од 42 испитани ученици, по ова прашање 40 (95.2%) целосно се согласуваат, 2 од нив (4.8%) делумно се согласуваат.**   |

| | |
|---|---|
| **3. Училиштето континуирано обезбедува и придонесува кон зголемување на библиотечниот фонд и стручна литература** | **Од 42 испитани ученици од нив 39 или (92.9 %) целосно се согласуваат, а 3 од нив (7.1%) не се согласуваат по ова прашање.**   |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на родители**

| **Прашања за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **1. Училиштето правилно го има организирано просторот и правилно ги има искористено просторно – техничките услови.** | **Од анкетирани 30 родители  (100%) односно сите целосно се согласуваат дека училиштето правилно го има организирано просторот и правилно ги има искористено просторно – техничките услови**   |

| | |
|---|---|
| **2. Училиштето располага со современа и опремена библиотека.** | **Од 31 испитани родители 30 односно (96,8%) целосно се согласуваат, 1 или (3.2%) делумно се согласуваат, додека немаме ниту еден кој не се согласува по основ на ова прашање.**   |

| | |
|---|---|
| **3. Училиштето континуирано обезбедува и придонесува кон зголемување на библиотечниот фонд и стручна литература** | **Од 30 испитани родители сите 30 (100%) целосно се согласуваат дека училиштето континуирано обезбедува и придонесува кон зголемување на библиотечниот фонд и стручна литература.**   |

| Резултати: |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>• Училиштето правилно го има организирано просторот и правилно го има искористено просторно-техничките услови.<br>• Училиштето континуирано обезбедува и придонесува кон  зголемување на библиотечниот фонд и стручна литература.<br>• Училиштето располага со современа и опремена библиотека.<br>• Училиштето располага со современи кабинети,опрема и внатрешна инфраструктура.<br>• Училиштето се залага за подобрување на амбиенталните (просторни) услови за работа<br>• Училиштето обезбедува нагледни средства и помагала за реализација на наставата.<br>• Навремено се обезбедуваат просторно технички и други услови за практична обука,а исто така и потрошни материјали за реализација на истата.<br>• Училиштето обезбедува обуки потребни за учениците.<br>• Навремено доставување на план за личен професионален развој до службите.<br>• Училиштето ги прифаќа идеите и предлозите на наставниците за креирање на буџетот на училиштето.<br>• Стручните служби нудат соодветна помош,поддршка и следење кон наставниот кадар.<br>• Училиштето е секогаш отворено за реализирање на активности и проекти по барање на наставниците и учениците.<br>• Во училиштето работи кадар со соодветни квалификации,посветен,стручен и правилно распореден и организиран. |
| **Слабости**<br><br>• Недоволна застапеност на разновидни обуки за зајакнување на вештините од различни области наменети за сите наставници. |
| **Идни препораки:  Приоритетни области во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>• Организирање на обуки за наставниот кадар согласно проценката на потребите и планот за професионален развој на вработените. |

## ПОДРАЧЈЕ БР.7 - УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ

**Области кои се анализирани во рамките на подрачјето Управување, раководење и креирање на политики:**

**7.1.Раководење со училиштето**

-Управување со училиштето

-Раководење со училиштето

**7.2.Цели и креирање на училишната политика**

-Јасност и соодветност на целите

-Процедури за креирање на училишната политика

**7.3 Развојно планирање**

-Цели на развојното планирање

-Професионален развој/стручно усовршување на кадарот

-Материјално технички средства

-Инфраструктура

| Методи на анализа на подрачјето 7:Управување, Раководење и Креирање на политики | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани?** |
| **7.1**<br><br>**УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО**<br><br>**-Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**-Полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето**<br><br>**-Деловник за работа на Училишниот Одбор**<br><br>**-Статут на училиштето**<br><br>**-Записници, одлуки и извештаи од работата на училишнио Одбор (годишни, полугодишни, посебни)**<br><br>**-Годишна програма за работа на директорот** | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој е составен од 12 члена и тоа: 4 члена претставници од наставниците (избрани на седница на Наставнички совет), 4 члена претставници од родителите на учениците и 3 члена од Општина Шуто Оризари, 1 член од Стопанска комора. Сите членови се со законски мандат. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива, Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на Училишниот одбор.<br><br>Состаноци на Училишен одбор најчесто се реализираат еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. Седниците на Училишниот одбор се свикуваат по електронска пошта или со писмени покани. Од увидот во документацијата се забележува дека одлуките кои се носат најчесто се носат консензуално и се одлучува без никакво попречување на работата или седниците на УО.<br><br>Училишниот одбор им обезбедува редовни и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти кои се вклучени во воспитно - образовниот процес. Сите одлуки и заклучоци се донесуваат законите и истите се објавуваат на огласните табли. За работата на УО се водат записници.<br><br>Училишниот Одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган. Редовно го поканува Директорот да присуствува на седниците на одборот, а во соработка со Директорот го составува дневниот ред за седниците и истите се закажуваат во точно прецизиран термин во попладневните часови. Доколку има потреба претседателот на Училишниот Одбор врши консултации со Директрот со цел да се надминат проблемите и одредени недостатоци. Соработката со директорот е одлична, со високо ниво на стручност, посветеност и мотивација. Училишниот Одбор успешно соработува со Советот на родители, локалната самоуправа и со други институции. |

| | |
|---|---|
| **-Дневник на директорот за водење на евиденција** | Орган на раководење на средното училиште е Директорот. Директор на СУГС „Шаип Јусуф“ - Скопје е м-р Доан Сулејманоски. Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Визијата на Директорот е современо, иновативно, отворено училиште за промени и развој кое ќе може да одговори на предизвиците на 21- от век, училиште по мерка на детето со здрава училишна клима, каде со применување на современа образовна технологија и креативна настава и отворен пристап на работа учениците ќе стекнуваат трајни и функционални знаења, вештини и вредности со надминати предрасуди. Покрај тоа една од клучните определби на директорот е дека центарот на внимание треба да е ученикот, а преку тоа да се стремиме да обезбедиме стимулативна средина за учење и работа во која на учениците ќе им се дава можност целосно да го реализираат својот потенцијал, со додатна образовна поддршка на потенцијално надарените ученици и на децата од ранливите групи.<br><br>Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа. Тоа го врши преку редовно следење на работата, посета и набљудување на часови и извештаи од реализирани активности. Добрата пракса што постои во училиштето ја промовира преку секојдневна комуникација со вработените, состаноци на Стручни активи и споделување добри воспитно – образовни практики преку социјални медиуми. Има диференциран, менторски, пријателски и стручен однос со учениците, вработените и родителите.Претставува и служи пример за учениците и мотивација за себереализација и продолжување на нивното образование.<br><br>Информирањето на останатите структури во училиштето го врши преку директна комуникација со вработените, преку соопштенија на огласна табла, веб страна, електронска пошта (е – mail), телефонски разговори и состаноци на стручните органи.<br><br>Директорот донесува самостојно одговорни одлуки. |

| | |
|---|---|
| | Директорот иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Директорот добро ја врши раководната функција, има определби кон покачување на стандардите, професионално усовршување на наставниците и развој на учениците. Тоа го врши преку споделување на искуства, следење на обуки организирани од МОН, БРО и други акредитирани институции. Директорот ги идентификува добрите и слабите страни во подрачјата на делување на училиштето и благовремено предлага акциски планови за подобрување во одредени подрачја или нивни сегменти. Директорот иницира и воспоставува продуктивна соработка со непосредната и пошироката заедница.<br><br>Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите, а истите се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, професионално усовршување на наставниот кадар, унапредување на училишната клима и подобрување на постигањата на сите ученици. Во нашето училиште се креира политика врз основа на доброто раководство во училиштето вклучувајќи ја ефикасноста и одговорноста на истата.<br><br>Од големо значење во креирање на училишната политика е раководството на Училишниот одбор, работата на директорот, стручната служба и наставниците. Училишната политика во нашето училиште се креира врз основа на делегирање на одговорностите и комуникацијата при донесување одлуки и нивно пренесување. Делегирање на одговорностите се остварува на: Наставничките совети, советите на паралелки, состаноците на Училишниот одбор, Советот на родители и ученичките заедници. За креирање на училишната политика во училиштето се информираат сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици). Креирањето на училишната политика во училиштето се остварува врз база на договор меѓу субјектите односно меѓу наставниците, родителите и учениците. Информирањето за училишната политика се остварува преку состаноците на Наставнички совет, |

| | |
|---|---|
| | Советот на паралелки, Совет на родители,ученички заедници, преку соопштенија, огласна табла и друго.<br><br>Во Годишната програма за работа на училиштето сосема јасно се дефинирани и програмирани образовните политики на училиштето во сите подрачја и во неа е содржано интегрирањето на еколошката едукација во образовниот систем. Исто така, во нашето училиште се организира современа и интерактивна настава. Се организира и реализира додатна настава.<br><br>Се организираат и семинари за едукација на наставниците за запознавање на наставниците со дијагнозата и реакциите на децата со посебни образовни потреби и оспособување на наставниците за подобра стручна комуникација со овие деца. Постои и добра соработка со родителите на овие деца. Училиштето практикува промовирање на образовните политики преку најразлични форми: прикачување документи на веб страната, издавање на брошури, истакнување на постери, презентации, издавање на ученички списанија, учество во образовни и други емисии на електронски медиуми. Целите и образовните политики се аргументирани со соодветни документи.<br><br>Вработените учествуваат во креирањето на целите на училиштето. Во тој процес, во голема мера, учествуваат и родителите и учениците, кои се запознати со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (наставници, ученици, родители и локална заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. Во Годишната програма се предвидени целите на училиштето, а Програмата за развој е посебен документ за образовната политика на училиштето. Директорот редовно доставува извештај за успехот и постигањата на образовната работа, Годишна програма на училиштето, Извештај за материјално работење и други извештаи до надлежните органи.<br><br>Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и учениците.<br><br>Директорот во соработка со Наставничкиот совет, Советот на родители и Ученичката заедница води политика за креирање на акти и документи кои ги регулираат прашањата во врска со однесувањето на учениците. Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за |

| | |
|---|---|
| | остварување на целите. На транспарентен начин е постигната и нормативна поткрепа на образовната политика на училиштето преку следните акти:<br><br>- Куќен ред;<br><br>- Статут на СУГС „Шаип Јусуф“ – Скопје;<br><br>- Систематизација на работните места;<br><br>- Должности на воспитно – образовниот кадар;<br><br>- Правилник за распоред на работно време на наставници и стручни соработници;<br><br>- Правилник за начинот на изведување ученички екскурзии и други слободни активности;<br><br>- Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки;<br><br>- Правилник за начинот и постапката при полагање на стручен испит за наставник, стручен соработник .<br><br>- Правилник за начинот на водење на педагошката документација и евиденција;<br><br>- Правилник за оценување, напредување и полагање на испити за учениците во СУГС „Шаип Јусуф“ - Скопје;<br><br>-Правилник за наградување и казнување на наставници во СУГС „Шаип Јусуф“ - Скопје;<br><br>- Кодекс за однесување на учениците;<br><br>- Кодекс за однесување на родители;<br><br>- Кодекс за однесување кон информатичката технологија; |

| | |
|---|---|
| **7.2**<br><br>**ЦЕЛИ И КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА**<br>**-Годишна програма за работата на училиштето**<br><br>**-Самоевалуација**<br><br>**-Програма за развој на училиштето**<br><br>**-Акциони планови**<br><br>**-Записници од Училишен Одбор, Наставнички совет, Совет на родители**<br><br>**-Интерни акти** | - Еко - кодекс;<br><br>- Кодекс за заштита на компјутерите во училиште;<br><br>- План за заштита и спасување;<br><br>- Правилник за видео надзор;<br><br>- Правилник за заштита од пожари и други природни непогоди;<br><br>- Во правилникот за пофалби, награди и педагошки мерки се застапени одредби во кои јасно се дефинирани правила за прогласување на ученик „Првенец на генерација“ за III и IV година. |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на наставници**

| Прашања за анкета | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| **1.Училишниот Одбор и раководниот орган имаат добра соработка.** | -96,7 % од наставниците одговорија дека целосно училишниот одбор и раководниот орган имаат добра соработка.<br>-3,3% од наставниците одговорија дека делумно училишниот одбор и раководниот орган имаат добра соработка.<br>-0% од наставниците одговорија дека не се согласуваат дека училишниот одбор и раководниот орган имаат добра соработка.<br><br> |

| | |
|---|---|
| **2.Директорот посветено, континуирано и ефективно го следи развојот на училиштето и се залага за добра стратешка политика и подобар развој и унапредување.** | -96,7% од наставниците одговорија  целосно се согласуваат дека директорот посветено, континуирано и ефективно го следи развојот на училиштето и се залага за добра стратешка политика и подобар развој и унапредување.<br><br>-0% од наставниците одговорија делумно се согласуваат дека директорот посветено, континуирано и ефективно го следи развојот на училиштето и се залага за добра стратешка политика и подобар развој и унапредување.<br><br>-3,3%  од наставниците одговорија не се согласуваат дека директорот посветено, континуирано и ефективно го следи развојот на училиштето и се залага за добра стратешка политика и подобар развој и унапредување.<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| **3.Со правилна распределба на работата се обезбедува ефикасност на работата во училиштето.** | -93,3% од наставниците се изјаснија целосно се согласуваат дека со правилна распределба на работата се обезбедува ефикасност на работата во училиштето.<br><br>-3,35% од наставниците се изјаснија дека делумно се согласуваат дека со правилна распределба на работата се обезбедува ефикасност на работата во училиштето.<br><br>-3,35% од наставниците се изјаснија дека не се согласуваат дека со правилна распределба на работата се обезбедува ефикасност на работата во училиштето.<br><br> |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на ученици**

| Прашања за анкета | Кои информации се собрани? |
|---|---|
| **1.Училишниот Одбор ги разгледува жалбите за важни прашања на учениците, родителите и наставниот кадар.** | -100 % од учениците одговорија дека целосно се согласуваат дека УО ги разгледува жалбите за важни прашања на учениците, родителите и наставниот кадар.<br>-0 % од учениците одговорија дека делумно се согласуваат дека УО ги разгледува жалбите за важни прашања на учениците, родителите и наставниот кадар.<br>-0 % од учениците одговорија дека не се согласуваат дека УО ги разгледува жалбите за важни прашања на учениците, родителите и наставниот кадар.<br><br> |

| | |
|---|---|
| **2. Директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем.** | -100 % од учениците одговорија дека целосно се согласуваат дека директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем.<br><br>-0 % од учениците одговорија дека делумнно се согласуваат дека директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем.<br><br>-0 % од учениците одговорија дека не се согласуваат дека директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем.<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| **3.Училиштето има јасни и прецизни цели кои ја отсликуваат неговата мисија и визија** | -93,3% од учениците одговорија дека целосно се согласуваат дека училиштето има јасни и прецизни цели кои ја отсликуваат неговата мисија и визија.<br><br>-6,7 %од учениците одговорија дека делумно се согласуваат дека училиштето има јасни и прецизни цели кои ја отсликуваат неговата мисија и визија.<br><br>-0 % од учениците одговорија дека не се согласуваат дека училиштето има јасни и прецизни цели кои ја отсликуваат неговата мисија и визија.<br><br><br> |

**Анализа на подрачјето преку анкетирање на родители**

| **Прашања за анкета** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| **1.Училишниот Одбор работи транспарентно и сум информиран/а за донесените одлуки, заклучоци и сл.** | -100% од родителите одговорија дека целосно се согласуваат дека УО работи транспарентно и сум информиран/а за донесените одлуки, заклучоци и сл.<br><br>-0% од родителите одговрија дека делумно се согласуваат дека УО работи транспарентно и сум информиран/а за донесените одлуки, заклучоци и сл.<br><br>-0% од родителите одговорија дека не се согласуваат дека УО работи транспарентно и сум информиран/а за донесените одлуки, заклучоци и сл.<br><br> |

| | |
|---|---|
| **2.Директорот со својата работа и однесување им служи за пример на вработените и учениците во училиштето.** | -100% од родителите одговорија дека целосно се согласуваат дека директорот со својата работа и однесување им служи за пример на вработените и учениците во училиштето.<br><br>-0% од родителите одговорија дека делумно се согласуваат дека директорот со својата работа и однесување им служи за пример на вработените и учениците во училиштето.<br><br>-0% од родителите одговорија дека не се согласуваат дека директорот со својата работа и однесување им служи за пример на вработените и учениците во училиштето.<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| **3.Во училиштето постои добра координација на работата на стручните и другите органи.** | -100% од родителите одговорија дека целосно се согласуваат дека во училиштето постои добра координација на работата на стручните и другите органи.<br><br>-0% од родителите одговорија дека делумно се согласуваат дека во училиштето постои добра координација на работата на стручните и другите органи.<br><br>-0% од родителите одговорија дека не се согласуваат дека во училиштето постои добра координација на работата на стручните и другите органи.<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| **4. Директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем.** | -100% од родителите се изјаснија дека целосно се согласуваат дека директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем.<br><br>-0 % од родителите се изјаснија дека делумно се согласуваат дека директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем.<br><br>-0% од родителите се изјаснија дека не се согласуваат дека директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем.<br><br> |

**РЕЗУЛТАТИ**

**Клучни јаки страни:**

- Доследно почитување на одредбите од Законот за средно образование и другите законски и подзаконски акти поврзани со работата на училиштето.
- Јасна визија и мисија на директорот на училиштето, голема посветеност и амбициозност.
- Континуирана соработка на директорот со органите и телата во училиштето, непречено комуницирање и иницирање на различни активности.
- Успешна реализација на приоритетите од развојниот план – успешно спроведувана развојна политика.
- Создавање работна клима, стимулирачка работна околина и ажурност и посветеност во работата.
- Дополнително ангажирање на директорот за работа со талентирани ученици, како и мотивирање на послабите од страна на директорот.
- Креирање на позитивни модели на младинско учество и интегриран пристап на одлучување со сите заинтересирани страни со работата на училиштето.
- Посветено остварување на целите на училиштето, современ пристап кон менаџирање и решавање на проблемите, воведување на современи и иноивативни начини на организација на наставата и работата на училиштето, како и одржливо изградување на препознатливост на квалтетот на училиштето.

**Слаби страни:**

- Недоволно запознавање на родителите и учениците за резултатите од учењето наведени во наставните планови и програми и за критериумите за оценување на нивните деца.
- Немање на можности за континуирано наградување и вреднување на најпосветените вработени во училиштето.

**Идни активности: Приоритетни области во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Креирање на план за поголема информираност на родителите за вклучување во работата и функционирањето на училиштето и училишниот живот.
- Изнаоѓање на соодветни и законски можности за континуирано наградување и вреднување на најпосветените вработени во училиштето.